# Службен весник на Република Македонија

**Број 10** **20 јануари 2014, понеделник** **година LXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 177. | **Одлука** за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите Нации, Унифил во Либан | 5 |
| 178. | **Одлука** за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција ИСАФ, во Авганистан | 5 |
| 179. | **Одлука** за именување на членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | 5 |
| 180. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври" | 5 |
| 181. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мајка Тереза" | 6 |
| 182. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски" | 7 |
| 183. | **Уредба** за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2014 година | 7 |
| 184. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје | 18 |
| 185. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и Ургентен центар - Скопје | 19 |
| 186. | **Одлука** за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2013 година | 19 |
| 187. | **Одлука** за давање на согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје | 19 |

Стр.

188. **Одлука** за давање на согласност на јавниот повик за пренесување на право на градење на објект за потребите на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје ................. 19
189. **Одлука** за утврдување на геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија .... 20
190. **Одлука** за изменување на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија произведена од секој одделен обновлив извор на енергија ............................................. 20
191. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за здравство ....... 20
192. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземени предмети на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ............... 20
193. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземени предмети на Министерството за труд и социјална политика ............................................ 21
194. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерството за култура ........................ 21
195. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерство за внатрешни работи .......... 21
196. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи .................................... 21
197. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Управата за извршување санкции ............. 21
198. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Здравствен дом Битола ...................... 22
199. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерство за здравство......................... 22
200. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија-Државен инспекторат за техничка инспекција .......................................... 22
201. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Агенција за управување со одземен имот................................................... 22
202. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања Козле ............................................ 22

Стр.

203. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Општина Тетово ..................................... 23
204. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Општина Богданци................................. 23
205. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Аеродром ....................... 23
206. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен Универзитет Тетово........ 23
207. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за економија-Државен инспекторат за техничка инспекција.......................................... 24
208. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Институт за акредитација на Република Македонија........................... 24
209. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Пробиштип .................... 24
210. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ДООЕЛ НАФТОВОД - Скопје ...... 24
211. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното претпријатие Стрежево - Битола................................................. 24
212. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Основен суд Штип......................... 25
213. **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Битола ................................ 25
214. **Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во јавната книга за запишување на правата на недвижностите ................. 25
215. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на индустриска зона расадник КО Бутел Општина Бутел ................................................... 26
216. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење без надомест на движни ствари на општина Валандово ............................................... 31
217. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на номенклатура на територијални единици за статистика-НТЕС ............ 32

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 218. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов објект на местото на постоечкиот Драмски театар во Скопје | 36 |
| 219. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за труд и социјална политика | 37 |
| 220. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи | 37 |
| 221. | **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Теарце | 38 |
| 222. | **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за општина Македонска Каменица | 38 |
| 223. | **Одлука** за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Желино | 38 |
| 224. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија | 39 |
| 225. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Комисија за заштита од дискриминација | 41 |
| 226. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за финансии - Управа за јавни приходи | 41 |
| 227. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекција за заштита и спасување | 41 |
| 228. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Б-2 големи трговски единици КО Кавадарци 2 општина Кавадарци | 41 |
| 229. | **Одлука за** давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на асфалтна база КО Чалакли општина Валандово | 42 |
| 230. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на погон за производство на бетон и монтажни бетонски елементи КО Чалакли општина Валандово | 42 |
| 231. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на откупна станица за земјоделски производи КО Слупчане - вон г.р. општина Липково | 42 |
| 232. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документацијаза изградба на Б-комерцијални и деловни намени КО Хамзали Општина Босилово | 43 |
| 233. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна индустрија КО Неготино општина Неготино | 43 |
| 234. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место КО Јосифово општина Валандово | 43 |
| 235. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Планинарски спортски клуб „18–ти Август“ | 44 |
| 236. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница - Струмица | 44 |
| 237. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ - Скопје | 44 |
| 238. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Битола | 45 |
| 239. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово | 45 |
| 240. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип | 45 |
| 241. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје | 46 |
| 242. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за онкологија и радиотерапија - Скопје | 46 |
| 243. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје | 46 |
| 244. | **Одлука** за изменување на Одлуката за продажба на недвижни ствари | 47 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 245. | **Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовна активност „Quick Lion 14“, во Кралството Белгија и Луксембург | 47 |
| 246. | **Одлука** за потврдување на Финансискиот план за 2014 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството | 47 |
| 247. | **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2014 на ЈП „Стрежево“-Битола | 47 |
| 248. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Маврово на дел од блок 5 и дел од блок 7 КО Маврово и КО Маврово вон гр општина Маврово и Ростуша | 48 |
| 249. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Генерален урбанистички план за град Штип КО Штип-вон г.р. општина Штип | 65 |
| 250. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрана со референтен бр.349 на Блатечка река со пропратни објекти КО Блатец општина Виница | 69 |
| 251. | **Одлука** за давање согласност на годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2014 година | 69 |
| 252. | **Одлука** за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници | 69 |
| 253. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Курск | 72 |
| 254. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Казан | 72 |
| 255. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Јарослав | 72 |
| 256. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Курск | 72 |
| 257. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Казан | 73 |
| 258. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Јарослав | 73 |
| 259. | **Решение** за разрешување и именување на членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди | 73 |
| 260. | **Програма** за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2014 година | 73 |
| 261. | **Програма** за финансиска поддршка на руралниот развој за 2014 година | 75 |
| 262. | **Правилник** за изменување на Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта,образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти | 81 |
| 263. | **Правилник** за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа | 86 |
| 264. | **Програма** за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2014 година | 86 |
| 265. | **Годишна програма** за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2014 година | 87 |
| 266. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија | 94 |
| 267. | **Одлука** за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија | 98 |
| 268. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакети на завршени здравствени услуги од болничката здравствена заштита од областа на пластичната и реконструктивната хирургија | 101 |
| 269. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничка здравствена заштита за акутни случаи | 101 |
| 270. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита амбулантски | 101 |
| 271. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала | 102 |
| 272. | **Колективен** договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи | 124 |
| | **Огласен дел** | 1-68 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**177.**

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11 и 151/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на ден 16 јануари 2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ, УНИФИЛ ВО ЛИБАН

1. За учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан, се испраќа еден штабен офицер, припадник на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), во Здружениот оперативен центар на мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Нагура во Либан, за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од мај 2014 година.

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана, гориво и итна медицинска заштита на припадникот на Армијата од точката 1 на оваа одлука, ги обезбедува Организацијата на Обединетите нации, а трошоците за плати и надоместоци на плати, ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадникот на Армијата за учество во мировната операција ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на учеството во мировната операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-270/1 | Претседател |
| 16 јануари 2014 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Трајко Вељаноски,** с.р. |

**178.**

Врз основа на членот 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006,110/2008, 51/11 и 151/11) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 јануари 2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНАТА ОПЕРАЦИЈА ИСАФ, ВО АВГАНИСТАН

1. За учество во мировната операција ИСАФ, во Авганистан, во Регионалната команда - Север, во Мазар е Шариф се испраќаат двајца припадници на Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), штабни офицери.

2. Припадниците на Армијата од точката 1 на оваа одлука се испраќаат за период од шест месеци, сметано од март/април 2014 година до септември/октомври 2014 година.

3. Финансиските трошоци за транспорт на припадниците на Армијата ги обезбедува НАТО (стратешки партнер/земја контрибутор), а финансиските трошоци за плати, надоместоци, придонеси и логистичка поддршка ги обезбедува Министерството за одбрана.

4. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во мировната операција ги врши Министерството за одбрана.

5. По завршувањето на учеството во мировната операција Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-271/1 | Претседател |
| 16 јануари 2014 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Трајко Вељаноски,** с.р. |

**179.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11 и 148/13), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

I. За членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, се именуваат:

1) Благица Тодорова, дипломиран правник од Свети Николе;

2) Дарко Доневски, дипломиран правник од Скопје;

3) Снежана Филиповска Павлеска, дипломиран правник од Скопје и

4) Јетмир Лика, дипломиран економист од Тетово.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а мандатот на именуваните членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен почнува да тече од 6 мај 2014 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-311/1 | Претседател |
| 17 јануари 2014 година | на Собранието на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Трајко Вељаноски,** с.р. |

**180.**

Врз основа на членот 12 ставови 2, 3 и 4 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „11 ОКТОМВРИ“

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври“, и тоа:
а) претседателот
академик Георги Старделов и
б) членовите:
1) проф. д-р Виолета Ачкоска;
2) Васил Василев;
3) Дејан Пројковски;
4) Блаже Миневски;
5) проф. д-р Томе Неновски;
6) проф. д-р Никола Јанкуловски;
7) Тања Вуисиќ - Тодоровска;
8) проф. д-р Тодор Делипетров;
9) проф. д-р Марија Доневска;
10) д-р Ахмед Шериф;
11) д-р Изаим Муртезани и
12) Ирфете Ибраими.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „11 Октомври“ се именуваат:
а) за претседател
академик Митко Маџунков, од Македонска академија на науките и уметностите, Скопје и
б) за членови:
1) проф. д-р Ратко Дуев, од Филозофскиот факултет во Скопје;
2) проф. д-р Драги Митревски, од Филозофскиот факултет во Скопје;
3) Синиша Стефановиќ Кашавелски, ликовен уметник од Скопје;
4) проф. д-р Александра Мијалкова, примабалерина од Скопје;
5) Петре Темелковски, актер од Скопје;
6) проф. д-р Томе Неновски, од Американ колеџ, Скопје;
7) Бранислав Светозаревиќ, директор на Музејот на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и на жртвите на комунистичкиот режим, Скопје;
8) проф. д-р Надица Митревска, од Институтот за радиологија, Скопје;
9) проф. д-р Зоран Матевски, од Филозофскиот факултет во Скопје;
10) д-р Амед Шериф, од Институтот за национална историја, Скопје;
11) м-р Ирфете Ибраими, од Државниот архив на Република Македонија, Скопје и
12) проф. м-р Имер Бајрами, ликовен уметник од Скопје.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-312/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**181.**
Врз основа на членот 12 ставови 2, 3 и 4 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/212), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2014 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „МАЈКА ТЕРЕЗА“

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на државната награда „Мајка Тереза“, и тоа:
а) претседателот
академик Витомир Митевски и
б) членовите:
1) д-р. спец Ленче Николоска;
2) прим. д-р Коте Тасевски;
3) Борис Дамовски;
4) Саша Николоски - Ѓумар;
5) проф. д-р Горан Ајдински;
6) Братислав Ташковски;
7) Вангел Божиновски;
8) проф. д-р Дивана Лакинска;
9) Петар Горко;
10) доц. д-р Ќерим Далипи;
11) Фиторе Решити и
12)Руждија Абдулаи.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Мајка Тереза" се именуваат:
а) за претседател
проф. д-р Горан Ајдински, декан на Филозовски факултет, Скопје и
б) за членови:
1) Јелена Жугиќ, актер и директор на Театарот „Комедија“, Скопје;
2) проф. д-р Валентина Божиновска, од Факултетот за драмски уметности, Скопје;
3) Никола Фиданоски - Кочо, ликовен уметник од Скопје;
4) Сашо Павловски, филмски режисер од Скопје;
5) д-р спец. Ленче Нелоска, од ЈЗУ Геронтолошки завод, Скопје;
6) проф. м-р Гордана Јосифова-Неделковска, од Факултетот за музичка уметност, Скопје;
7) проф. д-р Тодор Делипетров, од Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
8) проф. д-р Андон Чибишев, директор на Клиниката за токсикологија, Скопје;
9) проф. д-р Венко Андоновски, писател од Скопје;
10) доц. д-р Ќерим Далипи, историчар и шеф на Катедрата по историја на ДУТ, Тетово;
11) Фиторе Решити, директор на НУ библиотека „Кочо Рацин“, Тетово и
12) Руждија Абдулаи од општина Дебар.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-313/1
17 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**182.**

Врз основа на членот 12 ставови 2, 3 и 4 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 17 јануари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

I. Се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски", и тоа:

а) претседателот

академик Вера Битракова - Грозданова и

б) членовите:

1) д-р.Шефќет Зеколи;

2) проф. д-р Драги Митревски;

3) м-р Никола Фиданоски - Кочо;

4) проф. д-р Андон Чибишев;

5) проф. д-р Зоран Матевски;

6) проф. м-р Гордана Јосифова - Неделковска;

7) Д-р Надица Митревска;

8) проф. д-р Никола Жежов;

9) д-р Ратко Дуев;

10) Драги Маџиров;

11) Наим Халими и

12) Феленза Азизи.

II. За претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ се именуваат:

а) за претседател

академик Витомир Митевски, од Македонска академија на науките и уметностите, Скопје и

б) за членови:

1) Никола Маџиров, поет од Струмица;

2) м-р Борјан Цанев, диригент од Скопје;

3) Константин Качев, ликовен уметник од Скопје;

4) Златко Славенски, режисер од Скопје;

5) проф. д-р Никола Жежов, од Филозофскиот факултет во Скопје;

6) Тања Вујисиќ - Тодоровска, примабалерина од Скопје;

7) Роберт Вељановски, в.д. директор на Драмскиот театар, Скопје;

8) проф. д-р Никола Јанкуловски, декан на Медицинскиот факултет, Скопје;

9) м-р Христо Пејков, кардиолог од Скопје,

10) проф. д-р Наим Алими, од Институтот за духовно наследство на Албанците во РМ, Скопје

11) проф. д-р Шефќет Зеколи, од Институт за духовно наследство на Албанците во РМ, Скопје и

12) Флнза Азизи, од Државниот инспекторат, Охрид.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 07-314/1<br>17 јануари 2014 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република<br>Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**183.**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.01.2014 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2014 ГОДИНА**

Член 1
**Предмет на уредување**

Со оваа уредба се пропишуваат поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2014 година.

Член 2
**Поблиски критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, висина на директни плаќања**

(1) Поблиските критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, како и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот, се утврдуваат по области согласно подмерките утврдени согласно дел II и дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година.

(2) Поблиските критериуми во растителното производство од дел II од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата се следни:

1) За директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производна 2013/2014 година имаат засеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, `рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (сланутexistence), за засеана или одржувана површина со луцерка;

- Минимум засеана површина за секоја култура одделно е 0,3 ха во производната 2013/2014 година;

- Висината на директните плаќања изнесува 9.000,00 денари по хектар, а сенамалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% за секоја култура одделно.

2) За дополнителни директни плаќања од точка 1) на оваа уредба за обработлива земјоделска површина со добиточна храна

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои вопроизводна 2013/2014 година имаат засеани површини со следните култури: јачмен, пченка, рж, овес, тритикале, сирак, просо, соја, маслодајна репка, добиточна репка, граор, еспарзета, добиточен грашок, за засеана или одржувана површина со луцерка и се корисници за подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по хектар.

3) За дополнителни директни плаќања од точка 1) на оваа уредба за обработлива земјоделска површина со сончоглед и ориз

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани површини со ориз и сончоглед и се корисници за подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година;

-Висината на директните плаќања за ориз и за сончоглед изнесува 3.000,00 денари по хектар а се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% за секоја култура одделно.

4) За дополнителни директни плаќања од точка 1) на оваа уредба за засеани површини со сертифициран семенски материјал

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат обработлива земјоделска површина за поледелски култури (освен тутун), за употребен сертифициран семенски материјал во производната 2013/2014 година за следните култури: пченица, јачмен, пченка, рж, овес, ориз, тритикале, сирак, просо, хмељ, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (сланутоk) и луцерка и се корисници за подмерката 1.1. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, според Табела- Минимална количина на употребено семе по хектар која е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба;

-Висината на директините плаќања изнесува 3.000,00 денари по хектар, а се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,3 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 50 ха 60%, од 50 ха до 100 ха 30% и над 100 ха 10% за секоја култура одделно.

5) За директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе и култивирано произведени ароматични и зачински растенија и декоративни садници и брзорастечки садници.

Листата на култивирани лековити, ароматични и зачински растенија за земјоделско производство и декоративни садници кои се предмет на директни плаќања за оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба;

-Минимум 0,2 ха засеана површина за секоја градинарска култура одделно;

-Висината на директните плаќања за домат и краставица изнесува 30.000 денари по хектар, за пипер, компир, за режано цвеќе, грав, боранија, грашок, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици и култивирано произведени ароматични и зачински растенија 25.000,00 денари по хектар, за лубеница, диња, тиквичка и декоративни и брзорастечки садници 6.000,00 денари по хектар.

6) За дополнителни директни плаќања за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе од точка 5) на оваа уредба.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства производители на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе во затворени простории под контролирани услови и се корисници за подмерката 1.5. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 90.000,00 денари по хектар за производство во контролирани услови и производството да е продадено на домашен пазар или остварен извоз во период од 1 јануари до 15 мај 2014 година во следните минимални количини:

-за оранжерии кои се загреваат: домати 40.000 килограми по хектар, пиперки 20.000 килограми по хектар, и краставици 80.000 килограми по хектар и

-за пластеници кои се загреваат: домати 8.000 килограми по хектар, пиперки 4.000 килограми по хектар и краставици 16.000 килограми по хектар.

7) За дополнителни директни плаќања за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури се корисници за подмерка 1.5. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, оствареното производство да е продадено во преработувачки капацитети за зеленчук директно или преку еден регистриран откупувач во период од декември 2013година до ноември 2014 година, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;

-Висината на директните плаќања изнесува 1,5 денари по килограм, освен за пиперки и корнишони за кои висината на директни плаќања изнесува 2,5 денари по килограм.

8) За директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат минимум 0,2 ха површина со постоечки овошни насади за секој овошен вид посебно и регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;

-Потребен минимален број на овошки по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за прифатлив број на овошки -садници по хектар за постоечки производни овошни насади подигнати до пролет 2013 година по овошни видови во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба;

-Висината на директните плаќања изнесува 90.000,00 денари по хектар за јагоди одгледувани во саксии во контролирани услови (оранжерија или пластеник);

- Висината на директните плаќања изнесува 33.000,00 денари по хектар за: круша, вишна, актинидија и за јаболкови насади со број на садници над 1.000 садници по хектар, за праска, кајсија и цреша со број на садници над 599 садници по хектар;

-Висината на директните плаќања изнесува 28.000,00 денари по хектар за: дуња, мушмула, слива, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, боровинка, шип, рибизла, малина, капина,гоџи бери, јагода на отворено, бадеми, лешници и за јаболкови насади со број на садници од 400 до 999 садници похектар;

-Висината на директните плаќања изнесува 15.000,00 денари по хектар за насади со ореви и питоми костени за површините за кои барателот користел финансиски средства за подигање на нови насади со ореви од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2009, 2010, 2011, 2012 или 2013 година или за подигање на нови насади со питоми костени од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2010, 2011, 2012 или 2013 година а за подигнатите насади со питоми костени во 2009 година со доставување на доказ за набавени садници;

-Висината на директните плаќања од оваа точка процентуално се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа за секој вид одделно:од 0,2 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60%, од 30,1 ха до 50 ха 30% и над 50 ха 10%.

9) За дополнителни директни плаќања за овошни култури предадени во преработувачки капацитети

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со овошни видови и се корисници за подмерка 1.8. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година, оствареното производство на овошје да е предадено во преработувачки капацитети за овошје директно или преку еден регистриран откупувач во период од декември 2013 година до ноември 2014 година, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;

-Висината на директните плаќања изнесува 2,00 денари по килограм.

10) За директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат површини под лозови насади регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;

-Минималната површина под лозови насади е 0,2 ха а минималниот потребен број на садници е 1.500 садници по хектар, за лозови насади подигнати до пролет 2013 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 40.000,00 денари по хектар или 100% за лозови насади на површина од 0,2 ха до 5 ха, 24.000,00 денари по хектар или 60% за површина од 5,1 ха до 30 ха, 12.000,00 денари по хектар или 30% за површина од 30,1 ха до 50 ха и за површина над 50 ха 4.000,00 денари по хектар или 10% од максималната висина на поддршка.

11) За директни плаќања за произведен и продаден суров тутун од реколта 2013 година

-Корисници на оваа подмерка се физички и правни лица кои своето производство на тутун од реколта 2013 година го продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун и тутунски производи;

-Висината на директните плаќања изнесува 60,00 денари по килограм.

12) За директни плаќања за призводство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, градинарски култури и компир

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал во 2014 година согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено конечни сертификати. Минимална прифатлива сертифицирана количина за житни култури е 2,5 тони по хектар пријавена површина;

-Висината на директните плаќања изнесува 15.000,00 денари по хектар освен за тутун каде што висината на директните плаќања изнесува 60.000,00 денари по хектар;

-Висината на директните плаќања за градинарски култури и компир изнесува 15.000,00 денари по хектар.

13) За директни плаќања за призводство на домашен лозов калем и овошен саден материјал

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи за саден материјал кои имаат произведен сертифициран лозов и/или овошен саден материјал во 2014 година согласно Закон за семенски и саден материјал и имаат добиено конечни сертификати;

-Произведен и продаден домашен лозов калем и овошен саден материјал најдоцна до 31 март 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 25,00 денари по лозов калем и овошна садница за произведени и продадени калеми односно садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби.

14) За директни плаќања за производство на посадочен материјал за градинарски производи

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал со минималниот произведен капацитет од 500.000 млади растенија годишно и кои имаат произведен и продаден посадочен материјал за градинарски производи на домашен пазар во 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 5 денари по продадено младо растение со максимална продажна цена на услугата за подигање на посадочниот материјал од 5 денари по растение, и кое е произведено во оранжерии наменети исклучиво за производство на расаден материјал во санитарно-исправни безвирусни услови со: употреба на сертифициран елитен хибриден семенски материјал; спроведено Интегрирано управување за справување со штетници за следење на заболувања(Integrated Pest Management System); на подигнати табли за одгледување на растенијата од површината на земјата за најмалку 80 см и покриен под; со компјутеризирани сите оперативни системи: системот за наводнување, за контрола на присаство на штетници, инсекти и болести, систем за климатско одржување на потребните услови, и систем за машинско засадување; и во заштитени од контаминација логистички системи на дотур на суровини и складирање на расадот.

15) За директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на семенски материјал и кои имаат произведен и продаден предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2014 година согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

-Висината на директните плаќања за произведен и продаден семенски материјал, вклучително и употребениот за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20,00 денари по килограм и основен семенски материјал изнесува 8,00 денари по килограм.

(3) Поблиските критериуми во сточарското производство од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година по грло добиток и висината на директните плаќања во зависност од видот на добитокот се следни:

1) За директни плаќања за обележани грла говеда

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 2.800,00 денари по грло. Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 1 грло до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла 70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%.

2) За дополнителни директни плаќања од точка 1) на овој став за основни стада за производство на говедско месо

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, се корисници за подмерка 2.2 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, имаат минимум 30 грла говеда обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда, и воедно не се корисници на директните плаќања од точка 3) на овој став;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое е на возраст од 12 до 24 месеци на 31.10.2014 година.

3) За дополнителни директни плаќања од точка 1) на овој став за грла говеда од автохтона раса Буша

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говедаод расата Буша, се корисници од подмерка 2.3 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, и имаат минимум 5 уматичени грла говеда од расата Буша обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда и запишани во матична книга на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша,на денот на поднесувањето на барањето;

-Земјоделските стопанства да се членови на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша, и во 2013 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари и се исплаќа за уматичено грло говедо од расата Бушаи истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2014 година.

4) За директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство и го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од октомври 2013 година до септември 2014 година, запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи;

-Висината на директните плаќања изнесува 3,5 денари по литар произведено и предадено млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло.

5)За директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриранкланичен капацитет

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2013 година до април 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.500,00 денари по продадено или заклано грло говедо.

6) За дополнителни директни плаќања од точка 5) на овој став за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет за производство на месо

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, се корисници за подмерка 2.5 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, грлата говеда да не се помлади од осум месеци и да не се постари од 18 месеци на денот на колење и да се од следните раси: сименталско, оберинталско, монтафонско, хереформ, шароле, буша и мелези;

-Висината на директните плаќања изнесува 2.500,00 денари по продадено или заклано грло говедо.

7) За директни плаќања за добиено теле по пат на В/О

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда, се корисници за подмерка 2.1 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година кои имаат оплодена крава/јуница по пат на В/О и добиено и регистрирано теле во период мај 2013– април 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.200,00 денари по добиено и регистрирано теле.

8) За директни плаќања за обележани грла овци од сите категории

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло за сите категории и возрасти.

9) За дополнителни директни плаќања од точка 8) на овој став за задржано женско јагне

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци, се корисници од подмерка 2.9 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 700,00 денари по грло и се исплаќа за женско јагне кое на 31.10 2014 година е на возраст од шест до 18 месеци.

10) За дополнителни директни плаќања од точка 8) на овој став за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска)

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои сеодгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска), се корисници од подмерка 2.10 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година и имаат минимум 50 уматичени грла овци од расата Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска), обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и запишани во матична книга на Признатата организација на одгледувачи на овци од расатаПраменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) на денот на поднесувањето на барањето;

-Земјоделските стопанства да се членови на Признатата организација на одгледувачи на овци од расатаПраменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска), и во 2013 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на овци од расатаПраменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска);

-Висината на директните плаќања изнесува 500,00 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло овцаи истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2014 година.

11) За директни плаќања за обележани грла кози

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат минимум 10 грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло за сите категории и возрасти.

12) За дополнителни директни плаќањаод точка 11) на овој став за задржано женско јаре

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози и се корисници од подмерка 2.12 од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 700,00 денари по грло и се исплаќа за женско јаре кое на 31.10.2014 година е на возраст од шест до 18 месеци.

13) За директни плаќања за женски приплодни грла-маторици

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло маторица.

14) За директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале минимум 5 гоеници со минимална тежина од 90 килограми по грло во период од мај 2013 година до април 2014 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.000,00 денари по грло.Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 3-5.000 грла 100%, од 5.0001 до 10.000 грла 80%, од 10.001 до 15.000 грла 50% и над 15.000 грла 30%.

15) За директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од мај 2013 година до април 2014 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;

-Висината на директните плаќања изнесува 30,00 денари по пиле.

16) За директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани амортизирани несилки во период од мај 2013 година до април 2014 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;

-Висината на директните плаќања изнесува 25,00 денари по несилка.

17) За директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни бројлерски пилиња во период од мај 2013 година до април 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 2,00 денари по пиле за сопствени потреби и

- Висината на директните плаќања изнесува 4,00 денари за продадено пиле.

18) За директни плаќања за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни женски пилиња од јајценосни хибридиво период од мај 2013 година до април 2014 година;

-Висината на директните плаќања изнесува 2,00 денари по пиле за сопствени потреби и

-Висината на директните плаќања изнесува 4,00 денари за продадено пиле.

19) За директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 35 регистрирани презимени пчелни семејства;

-Висината на директните плаќања изнесува 600,00 денари по пчелно семејство.

20) За директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат ноеви, имаат регистрирано одгледувалиште и одгледуваат минимум четири возрасни единки ноеви;

-Висината на директните плаќања изнесува 1.700,00 ден по возрасен ној.

21) За директни плаќања за фармерско производство на полжави

-Корисници на оваа подмерка се семејни земјоделски стопанства кои одгледуваат полжави, имаат регистрирано одгледувалиште и одгледуваат полжави на минимум 0.2 хектари вкупна производна површина на фармата;

-Висината на директните плаќања изнесува 90.000,00 денари по хектар.

22) За директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат минимум 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и се сопственици на педигрирани кучиња од расата Шарпланинец на кои е извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето;

-Максимален број е 7 пријавени кучиња по земјоделско стопанство;

-Висината на директните плаќања изнесува 2.500,00 денари по куче и се исплаќа за куче од расата Шарпланинец кое е на возраст над 6 месеци на 31.10.2014 година.

(4) Поблиските критериуми за органското производство од дел II, код на мерка 215, од Програмата за рурален развој за 2014 година и за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките од став (2) точки: 1), 2), 3), 5), 7), 8), 9), 10), и став (3) точки 1), 2), 3), 5), 6), 8), 9), 10), 11), 13), 19) и 22) од овој член.

-Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од директни плаќања утврдени во оваа уредба и се доделува на следниот начин:

-директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште на парцела која се наоѓа на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките од став (2) точки: 1), 2), 3), 5), 8) и 10) од овој член.

-директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло кој е произведен на земјоделско земјиште на парцела која се наоѓа на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките од став (2) точки: 7) и 9) и став (4) точки 4) и 7) од овој член.

-директни плаќања по грло добиток за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерките од став (3) точки: 1), 2), 3), 5), 6), 8), 9), 10), 13), 19) и 22) од овој член.

-директни плаќања по единица земјоделски производ од сточарско потекло кој е произведен на регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерката од став (3) точка 4) од овој член.

2) За дополнителни директни плаќања од 30% за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно законот за органско земјоделско производство

-Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член. За овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%.

3) За директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

-Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

-Висината на директните плаќања изнесува 3.500 денари по хектар.

4) За директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло)

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

- Висината на директните плаќања изнесува 2% од вредноста на произведените и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

5) За директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

- Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

6) За посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2014 година.

- Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2014 година.

7) За посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2014 година

- Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и др. материи на почва и во органски производи во 2014 година.

- Висината на директните плаќања изнесува 70% од трошоците за анализа без ДДВ, но не повеќе од 9.000,00 денари по земјоделско стопанство.

(5) Утврдениот минимум површина земјоделско земјиште и број на минимум грла добиток вклучително и минимум пчелни семејства во оваа уредба се намалува за 50% и тоа:

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели и се применува за подмерките од став (2) точки: 1), 5), 8) и 10) од овој член.

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 и се применуваат за подмерките од став (3) точки: 1), 8), 11), 13) и 19) од овој член.

(6) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата пропишани согласно Правилникот на Листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.43/13).

Член 3
**Начин на директни плаќања**

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2014 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата со исклучок на подмерката од член 2 став (2) точка 11) од оваа уредба.

(2) Реализацијата на подмерката од член 2 став (2) точка 11) ќе се врши според списоци за откупени количини на суров тутун од реколта 2013 година доставени до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, најдоцна до 31.03.2014 година од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун.

(3) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(4) Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанстванајдоцна до 15 март 2014 година. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство со состојба на 15 март 2014 година.

(5) Спроведување на мерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на маторици, ноеви и полжави врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

(6) Спроведување на подмерките на директните плаќања од член 2 став (3) точки 3) и 10) на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда и овци се вршат врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи,потврдени од Призната организација на одгледувачи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(7) Спроведување на подмерката на директни плаќања од член 2 став (3) точка 22) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки Сојуз на Република Македонија.

Член 4
**Рокови за поднесување на барања**

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 на оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година се следни:

1. До 31 мај 2014 година за подмерките од член 2 став (2) точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 8), 10), 11), 12), 13), 14), 15), член 2 став (3) точки 1), 2), 3), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22) и член 2 став (4) точки 1), 2) и 3) од оваа уредба.

2. До 30 ноември 2014 година за подмерките од член 2 став (2) точки: 7) и 9), член 2 став (4) точки 4) 5), 6) и 7) од оваа уредба.

3. За подмерката од член 2 став (3) точка 4) од оваа уредба крајните рокови за поднесување на барања се според следните периоди:

-до 30 април 2014 година за продадено млеко во период од 1 октомври 2013 година до 31 декември 2013 година,

-до 15 јуни 2014 година за продадено млеко во период од 1 јануари 2014 година до 31 април 2014 година

-до 5 ноември 2014 година за продадено млеко во период од 1 мај 2014 година до 30 септември 2014 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2014 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10714/1-13
8 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## ПРИЛОГ 1 - Минимални употребени количини семе по хектар

| **Вид** | **Минимална употребена количина на семе во кг./ха** |
|---|---|
| Пченица | 180 |
| Јачмен | 160 |
| Тритикале | 180 |
| Рж | 180 |
| Овес | 120 |
| Ориз | 170 |
| Пченка | 15 |
| Сирак | 10 |

**ПРИЛОГ 2 - Листа на култивирани лековити, ароматични и зачински растенија за земјоделско производство**

1. Valerianaofficinalis – мачкина трева (одолен, валеријан)
2. InulaHeleniumL.Asteraceae – оман (голем корен, волско око)
3. OcimumbasilicumL(laminaceae ) – босилек
4. TrigonellafoenumgraecumL(legumenosae) – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. AngelicaarchangelicaL. (Umbeliferae) - ангелика
6. DigitalislanataEhrh. ( scrophulariaceae) – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomillarecutita L. (илиMatricariachamomilla) - камилица
8. Centaureacyanus L. – синчец
9. Lavandulaangustifolia L. - лаванда
10. Linumusitatissimum L. - лен
11. Silybummarianum L. (Asteraceae) – (сикавица, дива артичока, бадељ)
12. MelissaofficinalisL. – маточина (пчелина трва, лимон трева)
13. Papaversomnuferum - афион
14. Petroselinumcrispum - магдонос
15. Mentha piperitae L - нане
16. Calendula officialis L. - невен
17. Salvia officinalis L. - жалфија
18. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
19. Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончев шешир
20. Plangato lanceolata L. – теснолистентегавец
21. Hissopusofficinalis L. - изоп
22. Pimpinellaanisum L. - анасон
23. Arnica montana* - арника
24. Urticadioica L. (Urticaseae)* - коприва
25. Gentianalutea L. (Gentianacea)* - линчура
26. Hipericumperforatum L. ( Hyperiaceae) * - кантарион
27. Verbascumphlomolides I Verbascumdensiflorum – лопен
28. Malvasilvestris L. – црнслез (дивслез, големслез)
29. Althaea officinalis L. ( Malvaceae) – белслез
30. Satureahortensis (montana) L. ( Laminaceae) – чубрица
31. Anetumgraveolens L. (Umbelliferaceae) - копар
32. Artemisiadracunculus (Asteraceae) – естрагон,
33. Foeniculumvulgare , var. dulce – сладоканасон (fenikulum)
34. Humiluslupulus L. - хмел
35. Coriandrumsativum L. – кориандер
36. Majorana hortensis (origanum majorana ) L. – мајоран
37. Sinapsis alba L. – белсинап
38. Thymus vilgaris L. - тимјан
39. Artemisia absinthium L. – пелин (белпелин, питомпелин)

**А. Лековити растенија:**
**-култивирани растенија**
**-самоникли растенија**
**култивирани лековити растенија:**
1. Valerianaofficinalis – мачкина трева (одолен, валеријана)
2. InulaheleniumL.Asteraceae – oman (голем корен, волско око)
3. OcimumbasilicumL(Laminaceae ) –босилек
4. TrigonellafoenumgraecumL(legumenosae) – грчко семе (сминдух)
5. AngelicaarchangelicaL. (Umbeliferae) - снгелика
6. DigitalislanataEhrh. ( scrophulariaceae) – волнест напрсток
7. Chamomillarecutita L. - камилица
8. Centaureacyanus L. – синчец
9. Lavandulaangustifolia L. - лаванда
10. Linumusitatissimum L. - лен
11. Silybummarianum L. - (сикавица, диваартичока, бадељ)
12. MelissaofficinalisL. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
13. Papaversomnuferum - афион
14. Petroselinumcrispum - магдонос
15. Mentha piperitae L - нане
16. Calendula officialis L. - невен
17. Salvia officinalis L. - жалфија
18. Achilea millefolium L. – ајдучкатрева
19. Echinacea purpurea ( angustiflia ) – сончевшешир,
20. Plangato lancepolata L. – теснолистентегавец
21. Hissopus officinalis L. - изоп
22. PimpinellaanisumL. - анасон

**Самоникли и култивирани лековити растенија:**
1. Arnicamontana* - арника
2. UrticadioicaL. (Urticaseae)* - коприва
3. GentianaluteaL. (Gentianacea)* - линкура
4. HypericumperforatumL. ( Hyperycaceae, но поправилно е Clusiaceae) * - кантарион
5. ChamomilavulgarisL. - (камилица)
6. Verbascumphlomolides i Verbascumdensiflorum - лопен
7. Malvasilvestris L. – црнслез (дивслез, големслез)
8. Achileamillefolium L. – ајдучкатрева
9. Verbascumphlomolides I Verbascumdensiflorum (лопен)
10. Althaea officinalis L. ( malvaceae) – белслез

**Б. Култивирани зачински растенија:**
1. Satureahortensis (montana) L. ( Laminaceae) – чибица
2. Anetumgraveolens L. (Umbelliferaceae) - копар
3. Artemisiadracunculus (Astraceae) - естрагон

4. Foeniculumvulgare , var. dulce – сладоканасон (fenikulum)
5. Humiluslupulus L – хмел
6. Coriandrumsativum L. - koriander
7. Majorana hortensis ( origanum majorana ) L. - мајоран
8. Petroselinum crispum - магдонос
9. Sinapsis alba L. – белсинап
10. Thimus vilgaris L. - тимјан
11. Artemisia absinthium L. – пелин (белпелин, питомпелин)
12. Carumcarvi– ким

**Декоративни Растенија**

| Р. Бр. | Четинарски (иглолисни) видови |
|---|---|
| 1 | Cerdus spp. |
| 2 | Chamaecyparis law. allumi |
| 3 | Chamaecypariselwodi |
| 4 | Chamaecyparis law. columnaris |
| 5 | Cupressus spp. |
| 6 | Criptomeria japonica |
| 7 | Juniperusretinospora |
| 8 | Juniperus com hibernika |
| 9 | Juniperushorizontalis |
| 10 | Juniperusskyrocel |
| 11 | Juniperus chin. blue variety |
| 12 | Pinusmugo |
| 13 | Pinus spp. |
| 14 | Piceapungens |
| 15 | Piceaexcelsa |
| 16 | Sequoin gigantean |
| 17 | Taxus spp. |
| 18 | Thuja occ. plicata |
| 19 | Thuja occ. rozentalie |
| 20 | Thuja occ. wudvordii |
| 21 | Thuja occ. reingold |
| 22 | Thuja occ. plicata |
| 23 | Thuja occ. berkman |
| 24 | Thuja occ. smaragd |

**Брзорастечки растенија**

| Р. Бр | Назив |
|---|---|
| 1 | Paulownia |
| 2 | Paulownia Elongata |
| 3 | Paulownia Tomentoza |

**ПРИЛОГ 3 - Прифатлив број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади подигнати до пролет 2013 година по овошни видови**

| Ред. број | Овошен вид | Прифатливиот број на садници по хектар е над |
|---|---|---|
| 1. | јаболка | 400 |
| 2. | круши | 330 |
| 3. | дуњи | 500 |
| 4. | мушмула | 550 |
| 5. | слива | 330 |
| 6. | праски | 330 |
| 7. | кајсија | 400 |
| 8. | цреши | 240 |
| 9. | вишна | 500 |
| 10. | орев | 70 |
| 11. | бадем | 330 |
| 12. | лешник | 500 |
| 13. | питом костен | 200 |
| 14. | актинидија (киви) | 550 |
| 15. | маслинка | 330 |
| 16. | калинка | 620 |
| 17. | јапонско јаболко | 330 |
| 18. | смоква | 500 |
| 19. | аронија | 1400 |
| 20. | боровинка | 2200 |
| 21. | шип | 1660 |
| 22. | рибизла | 3330 |
| 23. | малина | 8000 |
| 24. | капина | 1250 |
| 25. | јагода | 31000 |
| 26. | гоџи бери | 2500 |

**184.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/2005, 150/2007, 35/2011, 166/2012, 137/2013 и 188/2013) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.01. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

| | Вид на опрема | Производител | Количина |
|---|---|---|---|
| 1. | Генератор/платформа за фузионирање на крвни садови и електрохирургија | Ковидиен АГ | 1 |
| 2. | Инструмент-електрода за отворена хирургија со електрода со должина 22мм, со нож 20мм и рачна активација | Ковидиен АГ | 4 |
| 3. | Инструмент-електрода за отворена хирургија со електрода со должина 18-19,5мм, со нож 12-18мм и рачна активација | Ковидиен АГ | 2 |
| 4. | Инструмент-електрода за отворена хирургија со пеан облик, закривена вилица со должина 16,5мм и должина на нож 15мм со рачна автоматска активација | Ковидиен АГ | 7 |
| 5. | Инструмент-електрода за отворена хирургија со закривена вилица со должина 36мм и должина на нож 34мм со рачна активација | Ковидиен АГ | 4 |
| 6. | Монополарен инструмент со три мода на работа – сечење, коагулација и мод кој ги интегрира преходните два. Да има и страничен лизгач за контрола на излезната моќност, како и рачна активација за три мода | Ковидиен АГ | 50 |
| 7. | Повратна електрода со гел со дебелина 2мм кој не останува на пациентот при одлепување и интегрирани две плочи со можност за повратна контрола на електродата за превенирање, без кабел | Ковидиен АГ | 100 |
| 8. | Кабел за повратна гел електрода | Ковидиен АГ | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - СКОПЈЕ, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-74/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**185.**

Врз основа на член 54-а став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија” бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13 и 188/13) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА, ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движната ствар:

| | Вид на опрема | Модел | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Аспиратор со погон на вакум | ВариоВац Б компакт | Дрегер | 15 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-75/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**186.**

Врз основа на член 18 став 4 од Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија” бр. 62/2005, 88/2008 и 35/2011) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НОВО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО 2013 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност кои во името на Република Македонија ќе ги издава Министерството за финансии во 2013 година.

2. Максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност во 2013 година ќе изнесува 15.245.000.000,00 (петнаесет милијарди двестотиничетириесетипет милиони) денари.

3. Издавањето на државните хартии од вредност се врши согласно Календарот за планираните емисии на државните хартии од вредност кој го утврдува и објавува Министерството за финансии на почетокот на периодот за кој се однесува.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-126/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**187.**

Врз основа на член 13-а став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“, бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА ГРАДЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за пренесување на право на градење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје на градежно земјиште кое претставува градежна парцела бр. 1.2. со намена Б4 – деловни простории предвидена со Детален урбанистички план „Градска четврт Капиштец локалитет Геолошки завод“, дел од КП 129/1, КО Центар 2, евидентиран во Имотен лист бр. 18/152 со површина од 3.179 м2.

Член 2

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје преносот на право на градење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука ќе го спроведе со јавен повик по пат на доставување на понуди.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-158/1
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**188.**

Врз основа на член 13-б став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“, бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013 и 163/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА ГРАДЕЊЕ НА ОБЈЕКТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на јавниот повик за пренесување на право на градење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски

железници – Скопје на градежно земјиште кое претставува градежна парцела бр. 1.2. со намена Б4 – деловни простории предвидена со Детален урбанистички план „Градска четврт Капиштец локалитет Геолошки завод“, дел од КП 129/1, КО Центар 2, евидентиран во Имотен лист бр. 18/152 со површина од 3.179 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-158/2 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**189.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2013) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука како геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија се утврдуваат работите за изработка на геодетски елаборати за извршен премер на објект на Националната установа „Македонски народен театар“ – Скопје, кој се наоѓа на КП број 11926, КО Центар 1, евидентиран во Имотен лист број 52333.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-193/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**190.**

Врз основа на член 150 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013 и 164/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВКУПНАТА ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ НА ПОВЛАСТЕНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД СЕКОЈ ОДДЕЛЕН ОБНОВЛИВ ИЗВОР НА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија произведена од секој одделен обновлив извор на енергија („Службен весник на Република Македонија“ број 56/-2013) во членот 5, бројот „6“ се заменува со бројот „7“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-353/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**191.**

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за здравство, бр. 09-201/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**192.**

Врз основа на член 52, став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземени предмети на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, бр. 09-213/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/3 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**193.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземени предмети на Министерство за труд и социјална политика, бр. 09-206/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/4 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**194.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерството за култура, бр. 09-204/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/5 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**195.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерство за внатрешни работи, бр.09-205/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/6 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**196.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ - УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи, бр. 09-208/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/7 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**197.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/2013), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА УПРАВАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ САНКЦИИ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Управата за извршување санкции, бр.09-203/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-436/8 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**198.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ БИТОЛА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Здравствен дом Битола, бр. 09-210/1 од 14.01.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-436/9 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**199.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.0.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Министерство за здравство, бр. 09-216/2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-436/10 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**200.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА-ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за економија-Државен инспекторат за техничка инспекција, бр. 09-209/1 од 14.01.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-436/11 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**201.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Агенција за управување со одземен имот, бр. 09-211/1 од 14.1.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-436/12 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

---

**202.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ПО БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КОЗЛЕ**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на ЈЗУ Институт по белодробни заболувања Козле, бр. 09-200/1 од 14.01.2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-436/13
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**203.**
Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА ОПШТИНА ТЕТОВО**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Општина Тетово бр. 09-212/1 од 14.01.2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-436/14
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**204.**
Врз основа на член 52 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на привремено одземен предмет на Општина Богданци бр. 09-202/1 од 14.01.2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-436/15
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**205.**
Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Аеродром бр. 09-214/2 од 14.01.2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-436/16
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**206.**
Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ТЕТОВО**

Член 1
Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен Универзитет Тетово бр. 09-220/2 од 14.1.2014 година.

Член 2
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-436/17
14 јануари 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**207.**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010 и 104/2013 и 187/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.1.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА-ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за економија-Државен инспекторат за техничка инспекција бр. 09-219/1 од 14.01.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-436/18
14 јануари 2014 година
Скопје

37. Дел од КП.бр.1352/4 КО Шупли камен (новоформирана КП.бр.1352/5) во површина од 166м2, евидентирана во Имотен лист бр.401, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-42/13 од 27.09.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово,

38. Дел од КП.бр.471 КО Довезенце (новоформирана КП.бр.471/2) во површина од 356м2, евидентирана во Имотен лист бр.384, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-247/13 од 04.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово,

39. Дел од КП.бр.2244 КО Довезенце (новоформирана КП.бр.2244/2) во површина од 1.379м2, евидентирана во Имотен лист бр.600, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-385/13 од 07.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

40. Дел од КП.бр.1950 КО Бељаковце (новоформирана КП.бр.1950/2) во површина од 15м2, евидентирана во Имотен лист бр.346, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-372/13 од 06.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

41. Дел од КП.бр.1953 и 1973 КО Бељаковце (новоформирани КП.бр.1953/2 и 1973/2) во површина од 46м2, евидентирани во Имотен лист бр.397, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-369/13 од 06.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

42. Дел од КП.бр.1956 и 1974 КО Бељаковце (новоформирани КП.бр.1956/2 и 1974/2) во површина од 65м2, евидентирани во Имотен лист бр.154, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-379/13 од 28.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

43. Дел од КП.бр.2112 КО Шупли камен (новоформирана КП.бр.2122/2) во површина од 216м2, евидентирана во Имотен лист бр.397, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-93/13 од 22.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

44. Дел од КП.бр.9190/2 и 9192 КО Куманово (новоформирани КП.бр.9190/8 и 9192/2) во површина од 564м2, евидентирани во Имотен лист бр.16633, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-259/13 од 08.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

45. Дел од КП.бр.1705 КО Шупли камен (новоформирана КП.бр.1705/2) во површина од 201м2, евидентирана во Имотен лист бр.702, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-43/13 од 08.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово,

46. Дел од КП.бр.1756 КО Бељаковце (новоформирана КП.бр.1756/2) во површина од 35м2, евидентирана во Имотен лист бр.64, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-351/13 од 08.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

47. Дел од КП.бр.1630 и 1636 КО Шупли камен (новоформирани КП.бр.1630/2 и 1636/2) во површина од 403м2, евидентирани во Имотен лист бр.709, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-330/13 од 08.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

48. Дел од КП.бр.1827 КО Бељаковце (новоформирана КП.бр.1827/2) во површина од 312м2, евидентирана во Имотен лист бр.29, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-232/13 од 26.09.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово,

49. Дел од КП.бр.453/1 и 698 КО Режановце (новоформирани КП.бр.453/4 и 698/2) во површина од 162м2, евидентирани во Имотен лист бр.87, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-290/13 од 10.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

50. Дел од КП.бр.711/2 КО Режановце (новоформирана КП.бр.711/5) во површина од 123м2, евидентирана во Имотен лист бр.499, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-114/13 од 09.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

51. Дел од КП.бр.309 КО Лопате (новоформирана КП.бр.309/2) во површина од 90м2, евидентирана во Имотен лист бр.1091, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-26/13 од 17.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

52. Дел од КП.бр.635/1 и 681 КО Режановце (новоформирани КП.бр.635/2 и 681/2) во површина од 56м2, евидентирани во Имотен лист бр.730, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-291/13 од 08.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

53. Дел од КП.бр.1946 КО Бељаковце (новоформирана КП.бр.1946/2) во површина од 3м2, евидентирана во Имотен лист бр.226, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-370/13 од 08.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

54. Дел од КП.бр.311/2 КО Лопате (новоформирана КП.бр.311/5) во површина од 2м2, евидентирана во Имотен лист бр.966, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-32/13 од 07.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово,

55. Дел од КП.бр.2188 КО Шупли камен (новоформирана КП.бр.2188/1) во површина од 155м2, евидентирана во Имотен лист бр.434, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-40/13 од 13.12.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

56. Дел од КП.бр.1978 и 1980 КО Бељаковце (новоформирани КП.бр.1978/2 и 1980/2) во површина од 219м2, евидентирани во Имотен лист бр.4, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-300/13 од 05.11.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово;

57. Дел од КП.бр.472, 477/2, 473, 479, 474 и 477/1 КО Довезенце(новоформирани КП.бр. 472, 477/3, 473/2, 479/2, 474/2 и 477/4) во површина од 1.503м2, евидентирани во Имотен лист бр.386, согласно Решение за експропријација УП.бр.24-358/13 од 09.10.2013 година на Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи - Одделение за управна постапка во Куманово- поради реализација на јавен интерес од значење за Република Македонија, за отпочнување на рехабилитација на пругата Куманово- Бељаковце.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-10786/1-13 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

**253.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО КУРСК

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Руската Федерација, со седиште во Курск .

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.170/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**254.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО КАЗАН

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Руската Федерација, со седиште во Казан.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.171/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**255.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ЈАРОСЛАВ

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Руската Федерација, со седиште во Јарослав .

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.173/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**256.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО КУРСК**

1. Се именува Дмитриј Александрович Руцкој за Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Курск .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.172/1 — Претседател на Владата
14 јануари 2014 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**257.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО КАЗАН**

1. Се именува Ирек Фаритович Салихов за Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Казан.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.169/1 — Претседател на Владата
14 јануари 2014 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**258.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08 и 26/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО ЈАРОСЛАВ**

1. Се именува Вадим Сергејевич Јакунин за Почесен конзул на Република Македонија во Руската Федерација, со седиште во Јарослав .

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.174/1 — Претседател на Владата
14 јануари 2014 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**259.**

Врз основа на член 144 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010 и 18/2011) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/2000, 12/2003, 55/2005,37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011 и 15/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРОЦЕНКА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ**

1. Од должноста член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди се разрешува:

- Јадранка Денкова - раководител на Сектор за правни и општи работи во Центарот за управување со кризи.

2. За член на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди се именува:

- Рона Пачуку - раководител на Сектор за финансиски прашања, правни и општи работи во Центарот за управување со кризи.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-10078/1-13 — Претседател на Владата
8 јануари 2013 година — на Република Македонија,
Скопје — м-р **Никола Груевски,** с.р.

---

**260.**

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13 и 120/13) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија” бр.180/13), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.01.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2014 година е изготвена согласно Законот за студентскиот стандард.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 45 од Законот за студентскиот стандард (“Службен весник на Република Македонија” број 15/13 и 120/13).

Сместување и исхрана на студенти во Република Македонија се остварува во осум државни студентски домови, во два приватни студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместуваат околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е организирано според Правилникот за начинот и постапката за прием на студенти во државните студентски домови (“Службен весник на Република Македонија” број 89/13 и 98/13).

Месечната цена за партиципација за сместување и исхрана, која ја плаќа Министерството за образование и наука изнесува 3.410 денари за еден студент, за најмногу 10 месеци во годината.

Министерството за образование и наука целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана во студентските домови, односно 6.820 денари за еден студент за најмногу 10 месеци во годината и тоа за студенти кои се сместени во студентските домови а се деца: без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца

на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини, за кои вкупните приходи во семејството се до нето минималната плата утврдена во Република Македонија. Бројот на овие студенти е најмногу до 40 % од вкупниот број на расположиви места во студентските домови.

Со Програмата, опфатени се следните видови на стипендии за студенти и тоа:

- стипендии за студенти-стари корисници запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 3.630 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на студиски програми по информатика на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, со месечна стипендија од 5.500 денари месечно за девет месеци во годината;

- студентски кредити за студенти-стари корисници запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија, во месечен износ од 2.420 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип "А" за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 4.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип "Б" за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип "В" за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија со месечна стипендија од 2.500 денари за девет месеци во годината;

- стипендии Тип "В" за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија-нови корисници почнувајќи од студиската 2012/2013 година ќе примаат месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии "Прва група" - стипендии за студенти од социјалните категории со месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии "Втора група" - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети и високообразовни установи, за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50 за студентите запишани на техничките факултети и медицинските науки, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех, со месечна стипендија од 4.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии "Втора група" - стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика, со месечна стипендија од 5.500 денари за девет месеци во годината;

- стипендии "Трета група" - стипендии за студенти кои се запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки со месечна стипендија од 3.000 денари за девет месеци во годината;

- стипендии за студенти запишани на еден од првите сто рангирани универзитети, односно првите двеста рангирани универзитети од областа на техничките науки според последната објавена ранг-листа на глобални универзитети за високо образование од Институтот за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет (школарина и месечен износ на стипендија – кои вклучуваат трошоци за сместување и исхрана, годишно здравствено осигурување и др., како и еден авионски билет на почетокот на студиите и еден авионски билет по завршување на студиите);

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во прва година на Academy of Performing Arts (FAMU) во Прага, Република Чешка на студии од областа на филмската и музичката уметност која е од посебно научно и образовно значење за Република Македонија (школарина и месечен износ на стипендија – кои вклучуваат трошоци за сместување и исхрана, годишно здравствено осигурување и др.);

- стипендии за студенти од други држави, кои одлично го познаваат англискиот јазик и ќе студираат на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле" – Охрид, а потекнуваат од: САД, Кина, Индија, Јапонија, Русија, Чешка, Естонија, Летонија, Литванија, Полска, Словачка, Шпанија, Португалија, Хрватска, Украина, Грузија, Ерменија, Азербејџан, Казахстан, Узбекистан, Индонезија, Малезија, Виетнам, Пакистан, Шри Ланка, Монголија, Тајланд, Лаос, Израел, Тунис, Мароко, Либан, Алжир, Египет, Катар, Кувајт, Обединети Арапски Емирати, Саудиска Арабија, Оман, Габон, Сенегал, Ангола, Камерун, Гана, Етиопија, Нигерија и Танзанија, со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; како и бесплатно школување, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување и повратен авионски билет;

- стипендии за студенти согласно CEEPUS програма, меѓународна размена на студенти-стипендисти и тоа 3.400 денари месечно за стипендирање и превоз, додека за сместување и исхрана во студентски домови цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- стипендии за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, со месечна стипендија од 3.300 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- стипендии за студенти - деца на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства ("Службен весник на Република Македонија" број 02/02, 17/03, 30/04 и 66/07), со месечна стипендија од 3.630 денари за девет месеци во годината, додека за сместување и исхрана цената за еден студент е 6.820 денари месечно;

- согласно Законот за правата на Претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата ("Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 109/06 и 157/07) опфатено е школувањето на Стефан Трајковски;

- 25 стипендии за најдобрите студенти запишани на додипломски студии на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со месечна стипендија од 5.150 денари за девет месеци во годината;

- 20 стипендии за студенти од Египет со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и ис-

храна во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; како и бесплатно школување, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување, повратен авионски билет, како и месечен автобуски билет во местото на школување;

- стипендии за студенти од Кина, Русија, Украина, Унгарија, Шведска, Данска, Норвешка, Литванија, Латвија, Естонија, Финска, Катар, Филипини, Виетнам, Монголија, Индија, Малезија, Индонезија, Египет, Либија, Мароко, Казахстан, Алжир, Азербејџан, Таџикистан, Узбекистан, Туркменистан, Пакистан, Сирија, Камерун, Мали, Португалија, Кипар, Шпанија, Ерменија, Бразил, Мексико, Белорусија, Чад, Судан, Шри Ланка, Тајланд, Камбоџа, Либан, Израел, Либан, Јордан, Фиџи, Лаос, Тунис, Грузија, Романија и Грција, со месечна стипендија од 5.000 денари месечно за девет месеци во годината, а доколку не замине во матичната држава и до 12 месеци во годината; трошоци за сместување и исхрана во студентски дом (појадок, ручек и вечера во студентски дом) во месечен износ од 8.620 денари за еден студент, за 10 месеци годишно, како и за месеците јули и август доколку не замине во матичната држава; бесплатно школување на македонски јазик на државните универзитети во Република Македонија, трошоци за виза, трошоци за дозвола за престој, здравствено осигурување, повратен авионски билет, како и месечен автобуски билет во местото на школување;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на Универзитетот во Бостон, Соединетите Американски Држави на студии од областа на информатиката (трошоци за сместување и исхрана во студентски дом, школарина, годишно здравствено осигурување и месечен износ за стипендија);

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во странство од областите на ликовната уметност, кинематографија и филмска продукција (трошоци за сместување и исхрана во студентски дом, школарина, годишно здравствено осигурување и месечен износ за стипендија) и

- стипендии по други основи.

Со Програмата 6 – Студентски стандард согласно расположивите средства за 2014 година се планираат културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

Во Потпрограма ТК – Изградба и реконструкција на студентски домови се планира продолжување со реконструкција на дел од студентските домови.

Согласно одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2014 година вкупните финансиски средства од раздел 16001 – Министерство за образование и наука за Програма ТК – Реконструкција на студентски домови се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| Програма 6 | | | ВКУПНО: | 461.845.000 |
| Потпрограма 60 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 6.000.000 |
| Потпрограма 60 | 421 | Стоки и услуги | Комунални услуги, греење, комуникации | 5.000.000 |
| Потпрограма 60 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 1.400.000 |
| Потпрограма 60 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 600.000 |
| Потпрограма 60 | 464 | Разни трансфери | Стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови | 441.809.000 |
| Потпрограма 60 | 480 | Капитални расходи | Купување на опрема и машини | 946.000 |
| Потпрограма 60 | 483 | Капитални расходи | Купување на мебел | 6.000.000 |
| Потпрограма 60 | 485 | Капитални расходи | Вложувања и нефинансиски средства -Студентски кредити | 90.000 |
| | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
| Потпрограма ТК | 482 | Капитални расходи | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | 61.278.000 |
| | | | СЕ ВКУПНО Програма 6 и Потпрограма ТК: | 523.123.000 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-123/1<br>14 јануари 2014 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р. |

__________

**261.**

Врз основа на член 28 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/2013) и член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 и 106/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14.01.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2014 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2014 година во вкупен износ од 2.045.119.740 денари се обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2014 година (“Службен весник на Република Македонија” бр. 180/2013), раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во понатамошен текст Агенцијата), програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 20 Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 – разни трансфери во износ од 443.019.740 денари и потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 – капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 1.602.100.000 денари.

II

Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 1.920.600.000, ќе се користат за следниве мерки за рурален развој:

| Код на мерка | Назив на мерка | Износ (во денари) |
|---|---|---|
| 111 | Обука и информирање на земјоделските производители | 1.000.000 |
| 112 | Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 8.000.000 |
| 114 | Советодавни услуги во земјоделството | 1.000.000 |
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 197.000.000 |
| 122 | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 10.000.000 |
| 123 | Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи | 18.679.000 |
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството | 811.421.000 |
| 131 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност | 15.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 211 | Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ) | 68.000.000 |
| 213 | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 20.000.000 |
| 214 | Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток | 18.500.000 |
| 215 | Органско производство | 88.000.000 |
| 321 | Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини | 335.000.000 |
| 322 | Обнова и развој на селата | 140.000.000 |
| 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | 90.000.000 |
| 411 | Поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 2.000.000 |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 5.000.000 |

Дел од средствата од овој дел од оваа програма во износ од:

- 71.500.000 денари се наменети за исплата по основ на неподмирени обврски од мерката за техничка поддршка за реализирање на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 и 2012 година и
- 20.500.000 денари се наменети за исплата согласно членот 26 од Законот за иновациска дејност.

Корисник на средствата од став 2 алинеја 2 на овој став е Фондот за иновации и технолошки развој.

III

Дел од средствата од дел I на оваа програма во износ од 124.519.740, се наменети за следниве мерки на државна помош во земјоделството и руралниот развој:

| Точка | Вид на мерка | Износ (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој | 123.519.740 |
| 1.2. | Организирање и спроведување на манифестации и саеми | 28.500.000 |
| 1.3. | Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители | |
| 1.4. | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 48.019.740 |
| 1.5. | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 2.000.000 |
| 1.6. | Спроведување на истражувања, изработка на анализи,предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 5.000.000 |
| 1.7. | Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 4.000.000 |
| 1.8. | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 32.000.000 |
| 1.9. | Трошоци за изработка на геодетски елаборати | 4.000.000 |
| 2. | Помош за плодоужи ватели | 1.000.000 |
| ВКУПНО | | 124.519.740 |

IV

Средствата од табелата од дел II мерка 111 „Обука и информирање на земјоделските производители“ од оваа програма се спроведуваат во согласност со членот 66 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратната финансиска поддршка за организирање и одржување на информативни сесии од следниве области:

- воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство,
- воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики,
- трансфер на знаења за постигнати научно-истражувачки резултати,
- примена на пропишаните стандарди од областа на заштита на животната средина, заштита и здравје на луѓето, заштита и здравје на растенијата, заштита, здравје и благосостојба на животните и примена на хигиенски пракси и
- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

Корисници на поддршката од став 1 на овој дел се земјоделските производители од земјоделските стопанства регистрирани во ЕРЗС.

V

Средствата од табелата од дел II мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат во согласност со член 67 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 1.727.940 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација од мерка 1.2 „Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година, а дел од средствата од горе наведената мерка, а во износ од 4.100.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација од мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување на земјоделска дејност“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

VI

Средствата од табелата од дел II мерка 114 „Советодавни услуги во земјоделството“ од оваа програма, се спроведуваат во согласност со член 69 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

Средствата од став 1 на овој дел се наменети за финансиска помош во вид на поддршка која се доделува за воспоставување на систем на советодавни услуги.

Корисниците на средства од став 1 на овој дел се:

- јавни институции од областа на образованието и научно-истражувачка работа за земјоделство и шумарство,
- национални здруженија на земјоделски производители и приватни сопственици на шуми и
- правни лица основани за вршење на дејност од областа на советодавни услуги во земјоделството и шумарството.

Финансиската помош од став 1 на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 30% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

VII

Средствата од табелата од дел II мерка 121 за „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од оваа програма се спроведуваат во согласност со член 70 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

Средствата од став 1 на овој дел се наменети и се распределуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- набавка на добиток – 15.000.000 денари;
- набавка на пчелни матици - 1.000.000 денари и
- подигнување на нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини – 27.548.169 денари
- набавување на опрема за систем капка по капка за пченка и фуражни култури и бунари за наводнување - 5.000.000 денари

Средствата од став 1 на овој дел во износ од 85.000.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година и износ од 63.451.832 денари наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерката 1.4 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година.

Неповратната финансиска поддршка од став 2 на овој дел по барање на корисникот може да се додели на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршка за подигнати нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини во период од 01 јануари до 01 Април 2014 година е 30 јуни 2014 година.

Краен рок за поднесување на барања за финансиска поддршка за подигнати нови лозови и овошни насади и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини за период од 01 септември 2014 година до 31 декември 2014 година е 01 јули 2014 година".

Краен рок за поднесување на барања за финансиска поддршка за набавен приплоден добиток и набавени пчелни матици во 2014 година е 30 јуни 2014 година".

Краен рок за поднесување на барања за финансиска поддршка за набавување на опрема за систем капка по капка за пченка и фуражни култури и бунари за наводнување во 2014 година е 15. февруари 2014 година".

VIII

Средствата од табелата од дел II мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економска вредност на шумите" од оваа програма ќе се доделат во согласност со член 71 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

Корисници на поддршката од ставот 1 на овој дел се приватни сопственици на шуми или здруженија на приватни сопственици на шуми.

IX

Средствата од табелата од дел II мерка 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од оваа програма ќе се доделат во согласност со член 72 од Законот за земјоделство и руралниот развој.

Средствата од став 1 на овој дел се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности.

Дел од средствата став 1 на овој дел во износ од 12.514.170 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерката 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година, а износ од 562.850 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерката 1.2.1 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се единиците на локалната самоуправа.

X

Средствата од табелата од дел II мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од оваа програма се доделуваат во согласност со член 73 од Законот за земјоделство и руралниот развој како неповратната финансиска поддршка за инвестиции по поединечни намени за следните намени:

- одржување на каналска мрежа за одводнување и наводнување на земјоделско земјиште; во износ од 89.000.000 денари и
- инвестиции наменети за водостопанство, во износ од 568.130.490 денари.

Дел од средствата од став 1 од овој дел во износ од 154.290.510 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерката 124„Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството"од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се водостопанските претпријатија и јавни претпријатија кои управуваат со хидросистем за инвестициите од став 1 алинеја 1 и 2 на овој дел.

Средствата за инвестициите од став 1 алинеја 1 и 2 на овој дел ги спроведуваат водостопанските претпријатија и јавни претпријатија кои управуваат со хидросистем, а може да ги спроведува и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошен текст: Министерството) по пат на јавна набавка.

Неповратната финансиска поддршка од став 1 од овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

Средствата од став 1 на овој дел може да се доделат на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на времени ситуации од заверени од надзор или документација за набавка на опрема.

XI

Средствата од табелата од дел II мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од оваа програма се доделуваат во согласност со члeновите 15 и 16 од Законот за за земјоделски задруги и член 74 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Средствата од став 1 на овој дел се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на земјоделски задруги при Министерството;
- организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи;
- помош за премии за осигурување, во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделската задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000 денари на годишно ниво и
- инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката.

Дел од средствата став 1 на овој дел во износ од 11.000.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Поддршката од став 2 алинеја 2 на овој дел се доделува во износ од 100% од вкупните прифатливи трошоци за спроведување на предвидените активности во програма за работа на земјоделската задруга и може, по барање на корисникот, да се додели на две рати.

Финансиската помош од став 1 на овој дел може да се додели на две рати од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

XII

Средствата од табелата од дел II мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ од оваа програма се доделуваат согласно член 77 од Законот за земјоделство и рурален развој и се доделува за дополнителна финансиска поддршка во висина од 15% на директните плаќања по површина, грло добиток или единица производ.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 60.000.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 211 „Помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност (ПОМ)“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Помошта од став 1 на овој дел се доделува согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

XIII

Средствата од табелата од дел II мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики“ од оваа програма се доделуваат во согласност со член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното овчарство и тоа:

- во висина од 80% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 01.11.2013 до 31.10.2014 година, како трошок за чување и напасување на добиток (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) кое се наоѓа во населени места со надморска висина поголема од 700 метри односно регистрираните одгледувалишта каде се одгледува добитокот да се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри и
- во висина од 40% од просечна месечна бруто плата во дејноста од период 01.11.2013 до 31.10.2014 година, како трошок за чување и напасување на добиток (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) кое се наоѓа во населени места со надморска висина под 700 метри односно регистрираните одгледувалишта каде се одгледува добитокот да се наоѓаат во населени места со надморска висина поголема од 700 метри.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 12.636.113 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развојза 2013 година.

Помошта од став 1 на овој дел се исплаќа за најмногу 20 вработени лица за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасиште (вклучително и ливади) при што за 10 вработени лица се исплаќа 80% за помошта од став 4 алинеја 1 на овој дел, односно 40% за помошта од став 4 алинеја 2 на овој дел, а за вработените лица над 10 помошта се намалува за 50%.

За помошта од став 1 на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е во следниов сооднос:

- за одгледување на овци во сооднос 1 вработено лице на 150 овци,
- за одгледување на кози во сооднос 1 вработено лице на 50 кози и
- за одгледување на говеда во сооднос 1 вработено лице на 80 говеда.

Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година од годината за која е исплатена поддршката.

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од став 1 на овој дел изнесува не повеќе од 300.000 денари по вработено лице.

XIV

Средствата од табелата од дел II мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток“ од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Средствата од став 1 на овој дел се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- инвентаризација колекционирање, регенерација, карактеризација и други активности во врска со заштитата на автохтоните сорти и
- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток.

Средствата од став 2 алинеја 1 на овој дел во износ од 4.000.000 денари се наменети за финансирање на активности за инвенторизација колекционирање, регенерација, карактеризација и други активности во врска со заштитата на автохтоните сорти на земјоделски растенија.

Средствата од став 2 алинеја 2 на овој дел во износ од 6.000.000 денари се наменети за финансирање на годишни активности од програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2011 до 2017 година.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 8.500.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 214 „Помош за зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година и тоа:

- оперативните мерки и активности за ревитализација на ген банките во Скопје, Струмица и Прилеп 3.000.000 денари и

- за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добитоки чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси надобиток 5.500.000 денари.

Средствата од став 1 на овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на сточарството, семе и саден материјал и здравје и заштита на растенијата.

XV

Средствата од табелата од дел II мерка 215 „Органско производство" од оваа програма се доделуваат согласно член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 80.000.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од реализација на мерка 215 „Органско производство" од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

XVI

Средствата од табелата од дел II мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини" од оваа програма се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој за следниве намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување меѓу две или повеќе села во должина до 5 км;

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место – град во должина до 7 км;

- инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места – села до 1.500 жители согласно последниот попис на население и домаќинства во РепубликаМакедонија и

- инвестиции во објекти и опрема за организирање на продажба на жив добиток во рурални средини и за усогласување на постоечките пазари за жив добиток согласно законите од областа на ветерина.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 331.151.991 денари се наменети за подмирување на поднесени барања за финансиска поддршка за мерка 321 „Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини"од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Остатокот на средства од став 1 на овој дел ќе се користат како национално кофинансирање кон средствата од 1-вата компонента – Подобрување и развој на руралната инфраструктура од ИПА структурните фондови на Европската унија кои ќе се администрираат преку Проектот за подобрување на општинските услуги што се имплементира во рамки на Министерството за финансии.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се единиците на локалната самоуправа – рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата.

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од став 1 на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Неповратната финансиска поддршка од став 1 од овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став 3 на овој дел.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрената инвестиција.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел, по барање на корисникот, може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализацијана инвестицијата врз основа на времени ситуации од надзор или документација за набавкана опрема.

XVII

Средствата од табелата од дел II мерка 322 „Обнова и развој на селата" од оваа програма, се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој за следниве намени:

- изработка на урбанистички планови за населени места – села;

- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1км и

- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 135.362.500 денари се наменети за подмирување на поднесени барања за финансиска поддршка замерка 322 „Обнова и развој на селата" од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година. (5.000.000 оставени за нови постапки)

Остатокот на средства од став 1 на овој дел ќе се користат како национално кофинансирање кон средствата од 1-вата компонента – Подобрување и развој на руралната инфраструктура од ИПА структурните фондови на Европската унија кои ќе се администрираат преку Проектот за подобрување на општинските услуги што се имплементира во рамки на Министерството за финансии.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се единиците на локалната самуправа – рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата.

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од став 1 на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Неповратната финансиска поддршка од став 1 од овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од став 3 на овој дел.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрената инвестиција.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел, по барање на корисникот, може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

XVIII

Средствата од табелата од дел II мерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја" од оваа програма се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции согласно член 86 од Законот за земјоделство и рурален развој за следниве намени:

- инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места - села со локалитет од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина до 2 км;

- означување на културни и природни знаменитости во рурални средини и

- уредување на излетнички места во рурални средини (вклучително и нивно поврзување со електрична енергија, водоснабдување, канализација).

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се единиците на локалната самуправа – рурално подрачје и единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата.

Корисник на средствата од став 1 алинеја 1, 2 и 3 од овој дел може да биде и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија во вкупен износ за преземени и реализирани прифатливи трошоци до 20.000.000 денари.

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерките од став 1 на овој дел е во согласност со член 90 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Неповратната финансиска поддршка од став 1 од овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставовите 2 и 3 на овој дел.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел се исплаќа на корисниците кои претходно го исплатиле делот од вредноста на инвестицијата кој се однесува на неприфатливите трошоци (вклучително и даноци) на економскиот оператор со кој склучиле договор за јавна набавка за одобрената инвестиција.

Неповратната финансиска поддршка од ставот 1 на овој дел, по барање на корисникот, може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 89.537.169 денари се наменети за подмирување по поднесени барања за финансиска поддршка замерка 323 „Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Остатокот на средства од став 1 на овој дел ќе се користат како национално кофинансирање кон средствата од 1-вата компонента – Подобрување и развој на руралната инфраструктура од ИПА структурните фондови на Европската унија кои ќе се администрираат преку Проектот за подобрување на општинските услуги што се имплементира во рамки на Министерството за финансии.

Дел од средствата од став 1 на овој дел во износ од 21.500.000, денари се наменети за спроведување на постапките за кои што Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија како корисник на средствата за спроведување на мерката 323 „Зачувување и унапредување натрадиционалните вредности во руралните подрачја“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година склучи договори за јавна набавка.

XIX

Средствата од табелата од дел II мерка 411 „Поддршка за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“ од оваа програма се доделуваат како неповратната финансиска поддршка за инвестиции согласно член 80 став 1 алинеа 4 од Законот за земјоделство и рурален развој за услуги за прибирање на податоци, студии и анализи за изработка на стратегии за локален рурален развој.

Поддршката од став 1 на овој дел ќе се користи за здобивање на знаења и вештини за подготвување и реализација на стратегии за локален развој на рурални средини.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се единиците на локалната самоуправа со седиште во рурална средина.

Средствата од став 1 на овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци за услуги за прибирање на податоци, студии и анализи за изработка на стратегии за локален рурален развој.

XX

Средствата од табелата од дел II мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“ од оваа програма ќе се доделат за поддршка за спроведување на активности од стратегиите за локален рурален развој согласно членот 87 и 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Средствата од став 1 од овој дел се доделуваат за реализација на стратегии за локален развој на рурални средини, подготвени од ЛАГ.

Корисници на средствата од став 1 на овој дел се ЛАГ-овите.

Средствата од став 1 од овој дел се доделуваат во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци за поддршка за спроведување на активности од стратегиите за локален рурален развој.

XXI

Средствата од табелата од дел III точка 1. „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Средствата од дел II став 2 алинеја 1 од оваа програма, во износ од 600.000 денари се наменети за исплата на обврски кои произлегуваат од спроведувањето на мерката 1. „Техничка поддршка во земјоделството, подмерка 1.2 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми “ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Средствата од дел II став 2 алинеја 1 од оваа програма, во износ од 28.800.000 денари се наменети за исплата на обврски кои произлегуваат од спроведувањето на мерката 1. „Техничка поддршка во земјоделството, подмерка 1.4. „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година.

Средствата од дел II став 2 алинеја 1 од оваа програма, во износ од 3.000.000 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски кои произлегуваат од склучени договори за јавна набавка од мерката 2. „Материјални трошоци за спроведување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој“, подмерка 2.8. „Трошоци за спроведување на едукативни и информативни кампањи за земјоделците“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година.

Средствата од дел II став 2 алинеја 1 од оваа програма, во висина од 4.000.000 денари ќе се доделат за изработка на геодетски елаборати за излагање на недвижности кои што во катастарското излагање останале со незапишани права.

Средствата од дел II став 2 алинеја 1 од оваа програма, во висина од 1.622.500 денари се наменети за подмирување на ненадмирени обврски од мерката 5.9,„Трошоци за изработка на геодетски елаборати“ од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2012 година.

Корисник на средствата од дел III потточка 1.9 „Трошоци за изработка на геодетски елаборати“ е Ми-

нистерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по спроведена постапка за јавна набавка и склучени договори за користење на услуги.

Средствата од табелата од дел III точка 2. „Помош за плодоуживатели“ од оваа програма, ќе се спроведат согласно член 106-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

XXII

Средствата од оваа програма ги спроведува Агенцијата по пат на отворени јавни повици за прибирање на барања за користење на поддршката и барања за исплата на средства по мерките за рурален развој од дел II на оваа програма, доколку поинаку не е уредено со оваа програма.

Роковите за објавување на јавните повици за поднесување на барања за користење на поддршката од оваа програма по поединечни мерки од оваа програма се следни:

- за мерките од дел IV, V, VI, IX, XI, XVI и XIX на оваа програма не подоцна од 20 дена од денот на објавување на оваа Програма;
- за мерките од дел XII и XV согласно уредбата од член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој и
- за мерките од дел VIII, X, XIII, XVII, XVIII и XX на оваа програма е 1 септември 2014 година.

Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на поддршката по различни мерки од оваа програма.

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата.

За реализација на оваа програма се грижи Министерството.

Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2014 година.

XXIII

Оваа програма влегува во сила од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-83/1 | Претседател на Владата |
| 14 јануари 2014 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**262.**

Врз основа на член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија“ 19/07), министерот за внатрешни работи, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА,ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЧНАТА КАРТА, ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗАМЕНА НА ЛИЧНАТА КАРТА И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ЛИЧНИ КАРТИ

Член 1

Во Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденција за издадените лични карти („Службен весник на Република Македонија“ бр.116/07, 129/07, 161/07, 5/09 и 73/10), обрасците број 1 и 2 се заменуваат со нови обрасци број 1 и 2 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Барањето за издавање на лична карта содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето; причина за барање; податоци за подносителот на барањето: име и презиме, за омажени-оженети презиме пред склучување на бракот, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, пол, национална припадност, живеалиште и адреса, државјанство, име и презиме на родители; согласност на родителите-старател и нивни податоци (име и презиме, единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), сродство и потпис на родителот-старателот); податоци за претходен документ на подносителот: број на претходна лична карта и орган кој ја издал; потпис на подносителот; датум и место на поднесување; податоци за контакт; потпис на службеното лице кое го примило барањето; прилози кон барањето; согласност од подносителот на барањето за користење на неговите лични податоци, место за потпис на подносителот на барањето и упатство за пополнување на барањето за издавање лична карта“.

Член 3

Членот 6 се менува и гласи:

„Лична карта се издава врз основа на лично поднесено барање од лицето до Министерството за внатрешни работи каде што има живеалиште и адреса.

Во постапката за издавање на лична карта, за утврдување на идентитетот и државјанството на подносителот на барањето, Министерството за внатрешни работи по службена должност прибавува доказ за неговиот идентитет, извод од матична книга на родените и доказ за државјанство на Република Македонија.

При поднесување на барање за издавање на прва лична карта на лице до 18 години живот, потребно е лично присуство на родителите, законскиот застапник или старателот, како и нивна согласност дадена пред службеното лице“.

Член 4

Во член 8 во ставот 1 втората реченица се менува и гласи:

„Со барањето подносителот приложува доказ за промена на адресата на станот, а доказите за извршената промена на личното име и на живеалиштето ги прибавува Министерството за внатрешни работи по службена должност.

Ставот 7 се менува и гласи:

„За подносителот на барањето во ставовите 1 и 5 на овој член, Министерството за внатрешни работи прибавува по службена должност и други исправи со кои се докажува вистинитоста на податоците наведени во барањето (извод од матична книга на родените, извод од матична книга на венчаните, уверение за државјанство и слично).

Ставот 8 се брише.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.12.1-2999/1 | |
| 14 јануари 2014 година | Министер за внатрешни работи, |
| Скопје | м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р. |

Образец бр. 1

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА

ТИП-
А

**1. Причина за барање (се одбира еден од основите)**

1.1 прв пат ☐
1.2 редовна замена ☐
1.3 промена на податоци (лични податоци, адреса и живеалиште)☐
1.4 дупликат лична карта (изгубена или украдена) ☐
1.5 предвремена замена заради оштетеност на личната карта ☐
1.6 издавање на лична карта со ограничена важност ☐

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| 1. ИМЕ | 2. ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| македонски јазик | македонски јазик |
| барам личната карта да биде изготвена на еден од наведените јазици и писмо<br>1. турски ☐ 2. влашки ☐ 3. српски ☐ 4. ромски ☐<br>5. бошњачки ☐<br>(се одбира еден од наведените јазици) | барам личната карта да биде изготвена на еден од наведените јазици и писмо<br>1. турски ☐ 2. влашки ☐ 3. српски ☐ 4. ромски ☐<br>5. бошњачки ☐<br>(се одбира еден од наведените јазици) |
| ЗА ОМАЖЕНИ-ОЖЕНЕТИ (презиме пред склучување на бракот) | |
| ДЕН, МЕСЕЦ И ГОДИНА НА РАЃАЊЕ | |
| МЕСТО НА РАЃАЊЕ (лице родено во странство ја запишува и државата) | |
| ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИНОТ | |
| ПОЛ машки ☐ женски ☐ | НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ |
| ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА | |
| ДРЖАВЈАНСТВО | |
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ЗА РОДИТЕЛИТЕ | |
| Татко | Мајка |

3. СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА НА ЛИЦЕ ОД 15-18 ГОДИНИ

| | Име и презиме | Единствен матичен број на граѓанинот | Сродство | Потпис |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ НА ПОДНОСИТЕЛОТ

Потпис на подносителот Датум и место на поднесувањето

| |
|---|
| БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА |
| ОРГАН КОЈ ЈА ИЗДАЛ |

______________________________ ____.____.20____. _______________

Податоци за контакт ________________________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ________________________________

5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните –за 1.1 и 1.3 (*) |
| ☐ | Доказ за промена на личните податоци /живеалиштето – за 1.3 (*) |
| ☐ | Доказ за промена на адреса – за 1.3 |
| ☐ | Доказ дека личната карта е огласена за неважечка – за 1.4 (*) |
| ☐ | Пријава/изјава/потврда за изгубена или украдена лична карта – за 1.4 (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност

6. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. на ова барање.

Потпис на подносителот

________________________________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЧНА КАРТА:

- Податоците од делот 1 и 2, ги пополнува подносителот на барањето;
- Податоците од делот 3 ги пополнуваат родителите-старателите доколку барањето за издавање на лична карта се однесува за лице од 15-18 години;
- Податоците од делот 4 ги пополнува службеното лице:
- Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт";
- Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 5, подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.

Образец бр. 2
**Formulari nr.2**

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
DERI TE: MINISTRIA PËR PUNË TË BRENDSHME

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА/ KËRKESË PËR DHËNIE TË LETËRNJOFTIMIT
ТИП-Б / LLOJI-B

**Причина за барање (се одбира еден од основите)/** Arsyeja për kërkesë (të rrethohet njëra nga arsyet)

1.1 прв пат / për herë të parë ☐
1.2 редовна замена/ ndërrim i rregulltë ☐
1.3 промена на податоци (лични податоци, адреса и живеалиште) ndryshim i të dhënave (të dhënave personale, adresës dhe vendbanimit) ☐
1.4 дупликат лична карта (изгубена или украдена)/ letërnjoftim duplikat(i humbur ose i vjedhur) ☐
1.5 предвремена замена заради оштетеност на личната карта ndërrim i parakohshëm për shkak të dëmtimit të letërnjoftimit ☐
1.6 издавање на лична карта со ограничена важност/ dhënie e letërnjoftimit me vlefshmëri të kufizuar ☐

2. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО
**TË DHËNA PËR PARASHTRUESIN E KËRKESËS**

| **1. ИМЕ/EMRI** | **2. ПРЕЗИМЕ/MBIEMRI** |
|---|---|
| 1. македонски јазик/gjuhë maqedonase ______ | 1. македонски јазик/gjuhë maqedonase ______ |
| 2.албански јазик/gjuhë shqipe ______ | 2. албански јазик/gjuhë shqipe ______ |

| | |
|---|---|
| ЗА ОМАЖЕНИ-ОЖЕНЕТИ (презиме пред склучување на бракот) ______<br>PËR TË MARTUARAT (mbiemri i vajzërisë) ______ | |
| ДЕН, МЕСЕЦ И ГОДИНА НА РАЃАЊЕ ______<br>DATA, MUAJI DHE VITI I LINDJES ______ | |
| МЕСТО НА РАЃАЊЕ (лице родено во странство ја запишува и државата) ______<br>VENDI I LINDJES (personi i lindur jashtë vendit e shënon edhe shtetin) ______ | |
| ЕДИНСТВЕН МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИНОТ/ NUMRI AMË I QYTETARIT / ______ | |
| ПОЛ машки ☐ женски ☐<br>GJINIA mashkullore femërore | **НАЦИОНАЛНА ПРИПАДНОСТ** ______<br>PËRKATËSIA NACIONALE ______ |
| ЖИВЕАЛИШТЕ И АДРЕСА ______<br>VENDBANIMI DHE ADRESA ______ | |
| ДРЖАВЈАНСТВО / SHTETËSIA ______ | |
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ ЗА РОДИТЕЛИТЕ / EMRI DHE MBIEMRI I PRINDËRVE | |
| Татко<br>Babai ______ | Majka<br>Nëna ______ |

3. СОГЛАСНОСТ ОД РОДИТЕЛИТЕ-СТАРАТЕЛОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА НА ЛИЦЕ ОД 15-18 ГОДИНИ
**PAJTUESHMËRI E PRINDËRVE-KUJDESTARIT PËR DHËNIEN E LETËRNJOFTIMIT PERSONIT PREJ 15-18 VJET**

| | Име и презиме<br>Emri dhe mbiemri | Единствен матичен број на граѓанинот/Numri Amë i qytetarit | Сродство<br>Farefisnia | Потпис<br>Nënshkrimi |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ______ (gj. maq.)<br>______ (gj. shq.) | | ______ (gj.maq)<br>______ (gj.shq.) | |
| 2 | ______ (gj. maq.)<br>______ (gj. shq.) | | ______ (gj. maq.)<br>______ (gj. shq.) | |

**4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДЕН ДОКУМЕНТ НА ПОДНОСИТЕЛОТ/**
**TË DHËNA MBI DOKUMENTIN E MËPARSHËM TË PARASHTRUESIT**

| |
|---|
| **БРОЈ НА ЛИЧНА КАРТА/ NUMRI I LETËRNJOFTIMIT** |
| ОРГАН КОЈ ЈА ИЗДАЛ/ ORGANI I CILI E KA LËSHUAR |

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit
______

Датум и место на поднесувањето
____ ____ ______
Data dhe vendi i parashtrimit
____.____.20____, ______

Податоци за контакт
Të dhëna për kontakt ______
Потпис на службеното лице кое го примило барањето
Nënshkrimi i personit zyrtar i cili e ka pranuar kërkesën ______

5. ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО:
SHTOJCË NDAJ KËRKESËS:

| | |
|---|---|
| ☐ | При поднесување на барањето се врши проверка на идентитетот на подносителот на барањето со увид во лична карта или друг документ за лична идентификација што има фотографија, издаден од државен орган / Gjatë parashtrimit të kërkesës kontrollohet identiteti i parashtruesit të kërkesës sipas letërnjoftimit ose dokument tjetër për identifikim personal i cili ka fotografi, i lëshuar prej organit shtetëror. |
| ☐ | Извод од матичната книга на родените/венчаните –за 1.1 и 1.3 (*) Certifikatë e lindjes nga Libri Amë i të Lindurve/Martuarve- për 1.1 dhe 1.3 (*) |
| ☐ | Доказ за промена на личните податоци /живеалиштето – за 1.3 (*) Dëshmi për ndryshimin e të dhënave personale/ vendbanimit-për 1.3 (*) |
| ☐ | Доказ за промена на адреса – за 1.3 / Dëshmi për ndryshimin e adresës-për 1.3 |
| ☐ | Доказ дека личната карта е огласена за неважечка – за 1.4 (*) Dëshmi se letërnjoftimi është i shpallur i pavlefshëm – për 1.4 (*) |
| ☐ | Пријава/изјава/потврда за изгубена или украдена лична карта – за 1.4 (*) Lajmërim /deklaratë/ vërtetim për letërnjoftim të humbur ose vjedhur-për 1.4 (*) |
| ☐ | Други документи неопходни за постапката / Dokumente tjera të domosdoshme për procedurën |

Доказите означени со ѕвезда (*) се смета дека се поднесени во прилог на барањето и истите Министерството за внатрешни работи ги прибавува по службена должност / Dëshmitë të nënvizuara me yll (*) konsiderohen se janë parashtruar me kërkesën dhe të njëjtat Ministria për Punë të Brendshme i siguron sipas detyrës zyrtare.

6. СОГЛАСНОСТ ОД ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО
PAJTUESHMËRI NGA PARASHTRUESI I KËRKESËS

☐ Подносителот на барањето е согласен неговите/нивните лични податоци да се користат во постапката за остварување на правото пред надлежните органи за прибавување на СИТЕ документи означени со ѕвезда (*) од делот 5. на ова барање.

•Parashtruesi i kërkesës pajtohet të dhënat e tij/tyre personale të shfrytëzohen në procedurë për realizimin e të drejtës para organeve kompetente për sigurimin e të GJITHA dokumenteve të nënvizuara me yll (*) nga pjesa 5. e kësaj kërkese.

Потпис на подносителот
Nënshkrimi i parashtruesit

_______________________________

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЧНА КАРТА:
**UDHËZIM PËR PLOTËSIMIN E KËRKESËS PËR DHËNIEN E LETËRNJOFTIMIT:**

. Податоците од делот 1 и 2, ги пополнува подносителот на барањето;
•Të dhënat nga pjesa 1 dhe 2 i plotëson parashtruesi i kërkesës;
. Податоците од делот 3 ги пополнуваат родителите-старателите доколку барањето за издавање на лична карта се однесува за лице од 15-18 години;
•Të dhënat nga pjesa 3 i plotësojnë prindërit-kujdestarët nëse kërkesa për dhënien e letërnjoftimit i dedikohet personit prej 15-18 vjet;
. Податоците од делот 4 ги пополнува службеното лице;
•Të dhënat nga pjesa 4 i plotëson personi zyrtar;
. Подносителот на барањето самиот го избира начинот на кој Министерството за внатрешни работи ќе може да оствари контакт со истиот (телефонски или по електронски пат). Избраниот начин за контакт се наведува во делот "податоци за контакт";
•Parashtruesi i kërkesës vetë e zgjedh mënyrën se si Ministria për Punë të Brendshme do të mund të kontaktojë me të ( me telefon apo përmes rrugës elektronike). Mënyra e zgjedhur për kontakt ceket në pjesën "të dhëna për kontakt";
. Доколку во текот на постапката се појави потреба од прибавување на документите наведени во делот 5 , подносителот на барањето дополнително ќе биде известен истите да ги приложи кон барањето.
• Nëse gjatë procedurës paraqitet nevoja për sigurimin e dokumenteve të cilët nuk janë nënvizuar në pjesën 5, parashtruesi i kërkesës në mënyrë plotësuese do të informohet të njëjtat ti bashkangjet ndaj kërkesës.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**263.**

Врз основа на член 45 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 и 164/13), министерот за труд и социјална политика, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа врз основа на видот, начинот, обемот и местото на извршените стручни работи.

Член 2

Висината на трошоците за проценка на ризикот изнесува од 30 до 60 евра во денарска против вредност по работно место, во зависност од бројот на работните места, и тоа:

- до пет работни места – 30 евра во денарска противвредност по работно место и
- над пет работни места - 40-60 евра во денарска противвредност по работно место.

Член 3

Висината на трошоците за редовно тестирање и контрола на работната опрема изнесува од 20 до 40 евра во денарска противвредност, во зависност од видот на опремата за работа и тоа:

- за една машина - 40 евра во денарска противвредност
- за еден апарат – 30 евра во денарска противвредност и
- електричен алат или опрема која се користи во работниот процес и која може да предизвика ризик - 20 евра во денарска противвредност.

Член 4

Висината на трошоците за изработката на концептот на изјавата за безбедност изнесува 5 евра во денарска противвредност по работно место.

Член 5

Висината на трошоците за изработка и спроведување на програми за обуки на вработените за безбедно извршување на работите по лице изнесува од 5 до 10 евра во денарска противвредност, во зависност од бројот на вработените во правниот субјект и тоа:

- до 25 вработени - 10 евра во денарска против вредност по лице и
- над 25 вработени - 5 евра во денарска противвредност по лице.

Член 6

Висината на трошоците за вршење на периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности и на микроклиматски услови во работната средина е дадена во евра во денарска противвредност во следната табела:

| Параметар на мерење | Ниво на изложување | Висина на трошоци за едно мерно место (евра) |
|---|---|---|
| Микроклиматски услови (температура, влажност, струење на воздух) | Моментално / Зимско и Летно | 10 |
| Осветленост | Моментално / природна или вештачка | 5 |
| Бучава | Моментално | 5 |
| Бучава | Дневно | 15 |
| Бучава | Неделно | 40 |
| Вибрации /дланка –рака | Дневно | 40-50 |
| Вибрации/цело тело | Дневно | 40-50 |
| Мерења на електрични заземјувања | По мерно место | 5-10 |
| Прашина /состав по параметар | Моментално | 20 |
| Органски пареи и гасови | Моментално | 25-65 |
| Анорганскы пареи и гасови | Моментално | 25-65 |
| Биолошки штетности | Примерок | 100-150 |

* Висината на трошоците изразена во евра ќе се пресметува во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметување на истите .

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-329/1
16 јануари 2014 година
Скопје

Министер,
**Диме Спасов,** с.р.

---

**264.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/03, 66/07, 142/08, 146/09, и 166/12), министерот за труд и социјална политика донесе

### П Р О Г Р А М А
### ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЛИЦАТА НА КОИ ИМ Е ПРИЗНАЕНО ПРАВОТО НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

#### I. Појдовна основа

Министерството за труд и социјална политика со оваа програма врши олеснување на процесот на интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија.

Процесот на интеграција ги опфаќа активностите и мерките кои треба да се преземат од страна на надлежните институции во областите на: домување и сместување, вработување и стручно усовршување, здравствено осигурување, образование, социјална заштита, ангажираност во заедицата/развој и раководење со процесот на интеграција.

Оваа програма има за цел поттикнување на учеството на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија во реализација на активностите кои придонесуваат за одржливоста на социо-економска интеграција на овие лица.

Со оваа програма ќе се обезбеди парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци.

#### II. Корисници

Корисници на оваа програма се лица на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија (во натамошниот текст: корисникот).

Корисникот го остварува правото на парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци доколку:

- има поднесено писмено барање за локална интеграција доставено до Центарот за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија, како проектна единица на Министерството за труд и социјална политика,
- за корисникот има веќе изработен семеен план за интеграција,
- е станбено необезбедено лице и,
- не е во можност самостојно да ги покрива трошоците за сместување, закупнина и комунални трошоци.

### III. Мерки

Паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци ќе се исплаќа на месечна основа.

Висината на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување и за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел изнесува за самец до 4.000 денари, за семејство од два до четири члена до 5.000 денари и за семејство од пет и повеќе члена до 6.000 денари, додека висината на паричната помош за комунални трошоци (електрична енергија, греење, вода и ѓубретарина) изнесува за самец до 1.500 денари, за семејство од два до четири члена до 2.000 денари и за семејство од пет и повеќе члена до 2.500 денари.

### IV. Носители

Оваа програма ќе ја спроведат Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа и Центарот за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија.

Министерството за труд и социјална политика, согласно со добиените податоци од месно надлежните центри за социјална работа ќе врши исплата на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци, при што по реализираните исплати месно надлежниот центар за социјална работа ќе изврши верификација и потврда на плаќањата.

Центарот за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија обезбедува административна поддршка и врз основа на инволвираноста на корисникот во процесот на имплементација на семејниот план за интеграција, на месечна основа на корисникот му издава потврда за неговото проактивно учество во интегративниот процес.

За користење на паричната помош за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци се поднесува барање до месно надлежниот центар за социјална работа.

Кон барањето се поднесува следнава документација:

- лична карта, издадена согласно Законот за азил и привремена заштита, доставена на увид;
- договор за закуп и
- изјава со која потврдува дека не е во можност самостојно да ги покрива трошоците за месечна закупнина и комунални трошоци.

Исплаќањето на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци престанува во следниве случаи:

- корисникот не ги посетува курсевите за преквалификација и доквалификација на кои е упатен,
- корисникот своеволно на негово барање без основани причини го прекине работниот однос,
- децата на училишна возраст без основани причини не посетуваат редовно основно и средно образование, односно не посетуваат градинка доколку се упатени,
- корисникот има дадено невистинити или нецелосни податоци,
- корисникот престанал да е станбено необезбедено лице и
- корисникот поднесе барање за престанок на користење на паричната помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци.

Корисникот треба да го известува месно надлежниот центар за социјална работа, за секоја промена која се однесува на:

- промена на адреса на сместување,
- промена на статусот за било кој член на семејството,
- промена на носителот на исплатата,
- промена со која се менува статусот на станбено необезбедено лице и неможноста самостојно да ги покрива трошоците за сместување, закупнина и комунални трошоци.

Центарот за социјална работа води евиденција за корисниците и доставува извештај за бројот на корисниците и износот на средствата до Министерството за труд и социјална политика.

### V. Извори на средства

Средствата за реализација на ова програма се предвидени и обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика за 2014 година, раздел 15001, потпрограма 54, во износ од 22.000.000 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-209/1 | Министер |
| 13 јануари 2014 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Диме Спасов,** с.р. |

---

**265.**

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија” бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12 и 171/12), министерот за труд и социјална политика, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО И НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИ ИГРИ ВО 2014 ГОДИНА

### I. Појдовна основа

Приходите остварени од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се приход на Буџетот на Република Македонија и истите се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство, Националното координативното тело за еднакви права на лицата со инвалид-

ност во Република Македонија и за Црвениот крст на Република Македонија. Износот на средствата за овие намени е определен во висина од 50% од остварениот приход од игри на среќа и забавни игри во претходната календарска година, но не помалку од 60 милиони денари и не повеќе од 120 милиони денари. Распределбата на средствата ја врши Владата на Република Македонија врз основа на доставената Програма од страна на Министерството за труд и социјална политика, која што е изготвена врз основа на поднесени проекти од страна на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија.

Врз основа на доставените Предлог – Проекти од страна на Националниот Совет на инвалидски организации (НСИОМ) која што претставува асоцијација на седум Национални инвалидски организации (Национален сојуз на слепите на Република Македонија, Национален сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - Порака, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, Национална федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Македонски параолимписки комитет и Национален сојуз на инвалиди на трудот на Република Македонија), на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност на Република Македонија, на здруженијата за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика ја изработи Програмата за нивно финансирање преку распоредување на приходите од игри на среќа и забавни игри за 2014 година.

**II.Програмски активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација кои што ќе се финансираат**

Средствата во износ од 50.000.000 денари наменети за финансирање на Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ) кој како асоцијација на седум национални инвалидски организации, во 2014 година ќе ги спроведува следните активности:

- Доследна примена на ОН Конвенцијата за еднакви права на лицата со инвалидност во сите области содржани во Конвенцијата и предлагање на измени на постојните законски решенија кои се однесуваат на лицата со инвалидност со цел нивното усогласување со европското законодавство,

-Унапредување и изедначување на основните човекови права на лицата со инвалидност со правата на другите граѓани особено во однос на вработувањето, социјалната заштита, образованието, здравството, материјалното обезбедување, набавка на помагала, достапност, спорт и рекреација на инвалидите,

-Покренување иницијативи до надлежните институции за подобрување на правата на лицата со инвалидност преку организирање и учество во јавните дискусии,

-Организација на работата на органите и телата на Националниот Сојуз на инвалидските организации,

-Активности за вклучување на националните инвалидски организации во донесувањето на сите прописи кои се однесуваат на лицата со инвалидност,

-Јакнење на улогата на инвалидските организации во граѓанското општество и трајно решавање на проблемот со нивното финансирање,

-Соработка со организациите кои што работат на заштитата и унапредувањето на правата на лицата со инвалидност,

-Меѓународна соработка (учество на Европскиот Форум за инвалиди и други меѓународни организации, како и соработка со слични асоцијации во соседните земји).

**1. Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, како асоцијација на 17 општински и меѓуопштински здруженија, своите програмски активности во текот на 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Активно вклучување во проектот на Владата на Република Македонија "Македонија без бариери до 2015 година";

-Анализа на домашната легислатива која што се однесува на лицата со телесен инвалидитет и нејзина компарација со мерките предвидени со ООН Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност;

-Анализа на домашната легислатива која се однесува на лицата со телесен инвалидитет и изготвување на листа на потребни измени и дополнувања на законски одредби во насока на постигнување на еднаквост и недискриминација на лицата со инвалидност;

-Анализа на состојбата со физичките бариери во единиците на локалната самоуправа во објекти од јавен карактер и интензивирање на заложбите за обезбедување на пристапност на севкупното опкружување, превозот, комуникациите, информациите за лицата со телесен инвалидитет;

-Подигање на нивото на свеста кај поединци, семејста, институции и целокупната јавна свест кај сите граѓани за способностите и можностите на лицата со телесен инвалидитет, преку средствата за јавно информирање, организирање на советувања, трибини, работилници, сопственото гласило Мобилност и веб страната www.mobilnost.mk и др.

Здравствена заштита и помагала

- Иницирање измени на Законот за здравствено осигурување со што ќе се обезбеди целосно ослободување на лицата со телесен инвалидитет од партиципацијата на сите здравствени услуги, а особено за помагалата, лековите и болничкото лекување, враќање на правото на бањско-климатско лекување, набавка на ортопедски помагала

- Иницирање измени и дополненија на Правилникот за индикации и остварување на право на ортопедски и други помагала, со цел обезбедување на поквалитетни и пософистицирани ортопедски помагала, зголемување на референтните цени за одредени видови помагала (инвалидски колички, ортози, протези и средства за инконтиненција, антидекубитални перничиња, остварување на право на активна инвалидска количка, право на инвалидска количка на електромоторен погон, право на тоалетна количка, обезбедување на правото на гаранција, одржување и сервисирање на помагалата;

-Иницирање измени и дополнувања на прописите со што ќе се обезбеди целосно укинување на царините и даноците на помагалата;

-Обезбедување соодветна парична помош на членовите во случаи кога треба да платат или партиципираат за користење на неопходни здравствени услуги или помагала согласно можностите и активе на Сојузот;

-Интензивирање на заложбите за отстранување на сите видови дискриминација на лицата со телесен инвалидитет при користење на здравствената заштита (непристапни здравствени установи, неприлагодена опрема, необезбеден персонален асистент во услови на домашно лекување и др.).

**Воспитание и образование**

-Покренување иницијативи за навремено вклучување на децата со телесен инвалидитет во редовниот воспитно-образовен процес;

-Помош на социјално загрозените семејства во обезбедување на училишни помагала за децата со телесен инвалидитет, едукација на лицата со телесен инвалидитет со посебни програми за работа со компјутери и странски јазици;

-Покренување иницијатива за донесување на законска одредба со цел ослободување од партиципација на лицата со телесен инвалидитет во сите степени на образованието, обезбедување бесплатен превоз, асистенција и технички помагала.

**Работа и вработување**

-Активно вклучување во водењето на политиката на Посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидни лица.

-Евидентирање на членовите кои имаат потреба од вработување и нивно целосно информирање за можностите и поволностите што ги пружа Законот за вработување на инвалидни лица;

-Евидентирање на работодавците кои имаат потреба од вработување на лица со телесен инвалидитет и посредување помеѓу нив и телесните инвалиди и евидентирање на работодавците кај кои се вработени лица со телесен инвалидитет и следење на исполнувањето на нивните права од работниот однос;

-Информирање на сите надлежни органи за забележаните неправилности и злоупотреби во примената на Законот за вработување на инвалидните лица и подзаконските акти како и за другите кршења на правата од работниот однос за вработените лица со телесен инвалидитет;

**Лична подвижност**

-Олеснување на пристап до квалитетни ортопедски помагала, асистивни технологии и форми на лична асистенција и посредници

-Организирање обуки на лица со телесна инвалидност за вештините на подвижност од страна на специјалисти кои работат со оваа категорија на лица

-Обезбедување на материјална поддршка со цел олеснување на подвижноста на оваа категорија на лица.

**Опоравок и рехабилитација**

-Вложување на средства за обновување на инвентарот во сместувачките капацитети во Охрид и преземање на други мерки за одржување и подобрување на условите за престој во истите односно закуп на пансиони во центрите за бањско климатско лекување за членовите на сојузот кои не ги користат апартманите во Охрид.

**Спорт и рекреација**

-Организација на 26-ти Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Македонија

-Организирање на 26-то Државно шаховско првенство на лицата со телесен инвалидитет на Македонија

-Организирање на лига натпревари по одделни спортови и тренинг кампови

-Учество на меѓународни спортски натпревари

-Поддршка на тренажниот процес на репрезентативците од редот на лицата со телесен инвалидитет

-Учество на спортисти од Мобилност Македонија на спортски игри на сродните сојузи од земјите од регионот.

**Културно – забавни активности**

-Организирање на 20-ти Музички средби на лица со телесен инвалидитет со учество на членови на Мобилност Македонија и претставници на организации на лицата со телесен инвалидитет од други држави

-Организирање на 5-та меѓународна ликовна колонија со учество на ликовни уметници од РМ и странство.

**Останати активности**

-Издавање на 4 броја на списанието Мобилност, информирање на членството преку семинари, советувања, трибини и издавање на збирка на прописи за правата на лицата со телесна инвалидност

-Меѓународна соработка со соодветни асоцијации на лицата со телесен инвалидитет од другите држави, како и со меѓународни асоцијации активни во Македонија а кои во својата програма имаат активности на планот на подобрување и унапредување на положбата на граѓаните воопшто и на лицата со инвалидност.

**2. Националнен сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, како асоцијација на 17 општински и меѓуопштински здруженија, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Залагање за доследна примена на одредбите од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност, со акцент на реализирање на долгорочната акциона програма на Светската федерација на глуви и Европскиот форум на лицата со инвалидност

**Образование**

-Соработка со установите за рехабилитација и образование на деца и младинци преку своите општински организации со цел пружање подршка во навременото откривање, евидентирање и категоризација на глувите лица, со цел што поголем број на деца да бидат упатени на рехабилитација и редовно школување

-Организирање на советувања на национало и меѓународно ниво за проблемите на образованиието на глувите лица, со учество на експерти од Светска Федерација на глуви и други стучњаци од оваа област

-Организирање обуки за работа со компјутери со цел поголема застапеност на информатиката во сите степени на образованието на глувите лица

-Залагање за активна употреба на знаковниот јазик во образованието на глувите, за таа цел потребно е да биде изготвен учебник наменет за глувите ученици.

**Вработување**

-Залагање за доследна примена на Законот за вработување на инвалидни лица со цел надминување на злоупотребите од страна на работодавците

-Посредување при спорови со работодавците и изнаоѓање на слободни работни места

-Залагање за измена и дополнување на постојните законски прописи во насока на регулирање на бенефициран работен стаж на глувите

-Актуализирање на прашањето за набавка на слушни и други помагала, бенефиции во користење на телефонски услуги и бенефиции во користење на патниот сообраќај

-Афирмирање на јазикот на знаците преку организирање на обуки за оспособување на лицата да го владеат јазикот на знаците, обуки за професионални преведувачи на знаковен јазик, обуки за почетници и родители на глувите деца. За оваа цел Комисија за знаковен јазик ќе изготви соодветна програма

-Залагање за воведување и други емисии, покрај вестите, од образовен, културен, документаен и друг карактер и истите да бидат преведувани со помош на јазикот на знаците

-Соработка со локалната самоуправа преку остварување контакти со градоначалници со цел давање подршка на инвалидските здруженија и реализирање на едукативни, културни социјални и спортски активности согласно одредбите на ОН Конвенцијата за еднакви права на лицата со инвалидност

-Подршка на културно уметничко друштво Мирче Ацев, организирање на јавни настапи на глувите уметници и изложби

-Меѓународна соработка - учество на Конференцијата на глуви на Европската унија на глуви (ЕУД).

**3. Национален сојуз на слепите на Република Македонија (НССРМ), како асоцијација на 17 општински и меѓуопштински здруженија, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Предлагање измени и дополнувања на законските решенија со цел унапредување на правата кои што ги остваруваат слепите лица, особено на Законот за вработување на инвалидни лица со цел усогласување со законодавството на Европската Унија.

-Промоција на проблематиката на слепите лица во општеството

-Пронаоѓање на субјекти за соработка и за поддршка на програмските цели и задачи согласно годишната програма за работа на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија

-Организирање на јавни манифестации, промотивни активности, конфререции за печат и прес-конференции

-Лобирање и присутност во јавноста потсетувајќи на проблемите со кои што се соочуваат слепите лица

-Поттикнување и самостојно организирање на најразлични промотивни активности (иложби, концерти, претставии, публикации).

**Вработување**

-Покренување иницијативи за приоритетно вработување на работни места соодветни на капацитетите на слепите лица

-Иницирање законски измени со цел создавање услови за подеднакви пристап до вработување на лица со инвалидност

-Создавање еднакви можности и услови за работа на нововработените слепи лица со другите вработени преку приспособување на работните услови, набавка на соодветна опрема, уреди и помагала.

**Образование**

-Преземање активности со цел откривање на слепи деца и младинци и нивно интегрирање во рамките на сите степени на редовното образование во Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид Димитар Влахов во Скопје

-Пружање материјална поддршка со цел вклучување на слепите деца и младинци во редовниот образовен процес преку своите општински и меѓуопштински здруженија

-Покренување иницијатива за измени и дополнувања на Законот за основно и средно образование со цел надминување на проблемот за опфаќање на слепите деца во предучилишната возраст

-Обезбедување на соодветни помагала, учебници, стручна литература, списанија за потребите на слепите ученици и студенти на Брајово писмо и во звучна техника усогласени според наставните програми што се применуваат во образовниот процес во Македонија, со проширување на бројот на учебници на Брајово писмо и со печатење на нови изданија на Брајово писмо

-Набавка на тифло-технички помагала и опрема специјално наменета за потребите на слепите лица (сметачи, компјутерска опрема, Брајов ред, касетофони, диктафони, репродуктори, помагала за пишување, Бел стап, Брајови и говорни саати, говорни помагала и др.)

-Набавка на опрема за релјефно прикажување на сликовниот материјал, што би помогнало во изработка на учебниците за учениците во редовните училишта како и во специјалното училиште, а посебно во обука на масерите и физиотерапевтите

-Покренување на иницијатива за обезбедување на финансиска и стручна помош од државата во задоволувањето на специфичните потреби на слепите ученици и студенти

-Организирање на курсеви за описменување на Брајово писмо, за оријентација во просторот, курсеви за изучување на странски јазици компјутери на лицата кои подоцна го загубиле видот

-Набавка и воведување на сметачот како основно помагало кај одреден број слепи лица, ученици и студенти, наставници вработени во Државното училиште Димитар Влахов и организирање на советувалишта за користење на истиот.

-Изработка на општо наставна програма, прирачници за учениците за курсеви и нивно печатење, брошура за достапност на помагала и користење на тифло-техничките помагала.

**Културна, издавачко-информативна и библиотечна дејност**

-Активности за поттикнување и реализирање на севкупните творечки потенцијали на слепите лица со цел афирмација на нивното културно-уметничко творешто

-Распишување конкурси за литературни и поетски творби, организирање литературни натпревари, натпревари во брзо читање на Брајовото писмо

-Организирање на заеднички посети на театарски претстави, концерти и други културни манифестации

-Подршка во работата на КУД Билјана и КУД Караѓуле

-Печатење на специјализирани списанија на Брајовото писмо

-Соработка со сите меѓународни институции кои имаат сродни интереси како и НССРМ.

**4. Национален Сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија, како асоцијаца на 14 општински и меѓуопштински здруженија, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Намалување на социјалната исклученост преку отстранувањето на архитектонските и информативните бариери на лицата со инвалидност, преку организирање работилници за подигнување на јавната свест и пружање финансиска поддршка на членовите на Сојузот при набавка на специфичните ортопедски помагала;

-Унапредување на законската регулатива со цел што поголема вклученост на цивилните инвалиди во општеството, за таа цел ќе бидат организирани работилници со цел запознавање со постојната законска регулатива и предлагање мерки за подобрување на истата;

-Превентива од заостанат експлозивен материјал, дистрибуирање на двата документарни филма до основните и средните училишта и до електронските медиуми, организирање изложби и предавања;

-Воспоставување соработка со Црвениот крст, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, одржување на предавања во неколку општински основни училишта за опасностите од заостанатиот експлозивен материјал.

-Меѓународна соработка – учество на годишното Собрание на Европскиот Сојуз на цивилните инвалиди од војната

**5. Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет, како асоцијација на 17 меѓуопштински и општински здруженија, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Спроведување систем на натпревари во повеќе спортови на ниво на општински, регионални и државни првенства

-Организирање на натпревари на државно и на меѓународно ниво по одделни спортови

-Учество на меѓународни натпревари – Европски првенства, Светски купови на спортистите од дисциплините стрелаштво, пинг-понг и атлетика во рамките на што се планирани тренажни подготовки и учество на повеке купови.

-Одржување на традиционалните спортски активности на лицата со инвалидност, збогатување на истите со нови содржини и евидентирање на спортистите на општинско ниво за своите категоризирани спортисти

-Интензивирање на работата на Комисиите со цел изнаоѓање на можности за квалитетни подготовки за учество на спортисти и параолимписки кандидати за остварување на минимум олимписки норми за учество на Параолимписките игри

-Организирање на контролни натпревари и подготовки на репрезентациите, тренинг кампови во сите спортови од програмата со учество на натпреварувачи кои ќе бидат селектирани од стручните лица

-Вршење селекција на најдобри натпреварувачи во стрелаштво, пинг-понг и атлетика, како можни кандидати за настап на меѓународни натпревари

-Меѓународна соработка со државите од регионот и Параолимписките комитети на државите во непосредно опкружување

-Ангажирање стручни лица за спроведување на тренажен процес

-Набавка на спортски реквизити

-Организирање еднодневни рекреативни средби на членовите од страна на општинските сојузи за спорт и рекреација на инвалиди, за што средствата ќе бидат обезбедени од буџетите на локалните самоуправи

-Интензивирање на соработката со Федерацијата за училишен спорт со цел запознавање со можноста за програмиран тренажен процес и организирано занимавање со спорт, евидентирање и првична селекција на потенцијалните спортисти

-Соработка со други организации и институции.

**6. Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – Порака, како асоцијација на 19 меѓуопштински и општински центри, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Одржување и развивање на мрежа на социјални сервисни служби (дневни центри) односно одржување на континуитет во работата на веќе оформените социјални сервисни служби за лица со интелектуална попречености и создавање на услови и изнаоѓање на можности за оформување и промовирање на други видови на сервисни служби (сервисни служби за рана интервнција, мал групен дом, сервисна служба за самостојно живеење, социјални клубови, сервисна служба за поддршка во домот, центри за времено опфаќање);

-Унапредување на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост особено во областа на социјалната заштита, образованието, здравството и вработување;

-РЦПЛИП-ПОРАКА како членка на ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попречност, ќе ги пренесува иницијативите од Стратегијата за попреченост (2010-2015) на Европската комисија и Акционен план за попреченост (2006-2015) на Совет на Европа и ќе даде придонес во унапредувањето на законските можности и политики во однос на правата на сите лица со попреченост.

-Покренување кампањи за подигнување на јавната свест во однос на правата и потребите на лицата со интелектуална попреченост;

-Имплементација на локалните акциони планови за унапредување на положбата на лицата со попреченост на општинско ниво и иницирање за вклучување на локалната самоуправа во процесот на одржливоста и отварањето нови дневни центри;

-Координација и стручно – методолошка поддршка на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА;

-Истражување и анализа за состојбите во Република Македонија во однос на имплементацијата на Конвенцијана на ОН за правата на лицата со инвалидност во областа на социјална заштита, образование, здравствена заштита, вработување.

-Подготовка на програма која ќе биде интегрирана во локалните акциони планови во Охрид, Куманово, Виница и Радовиш, со цел унапредување на положбата на лицата со попреченост на општинско ниво,

-Партнерство и учество во програми на други организации;

-Органзирање на спортски и рекреативни активности;

-Меѓународна соработка – акции кои произлегуваат од членство во европските асоцијации

- Издавачка и информативна дејност, печатење на гласилото ПОРАКА, ажурирање на содржините на веб-страната www.poraka.org.mk и др

**7. Националниот Сојуз на инвалиди на трудот на Република Македонија, како асоцијација на 30 општински и меѓуопштински здруженија, своите програмски активности планирани за 2014 година ќе ги насочи кон реализација на следните активности:**

-Развивање и унапредување на превентивната дејност, заради одстранување на причините што ги довеле инвалидите на трудот во положба на социјална несигурност преку покренување на активнсоти за промовирање и спроведување на лекарски прегледи на вработените лица, отстранување на мобингот, организирање на советувања за облиците, формите и активностите преку кои треба да се развива и унапредува превенција на инвалидноста

-Иницирање на донесување и измена на постоечките законски решенија во насока на подобрување на положбата на инвалидите на трудот;

-Спроведување на општествено корисни акции за задоволување на одредени општествени социјални потреби на инвалидите на трудот (ослободување од партиципација за лекарства, радиодифузна такса, телевизиска такса, телекомуникациски трошоци, сообраќај, намалување на трошоците за комунални услуги и др.)

-Покренување на иницијативи за ослободување од плаќање на партиципација на инвалидите на трудот, обезбедување на бесплатни лекови за инвалидите на трудот, оформување на мобилни екипи за домашно лекување на инвалидите на трудот

-Координирање, насочување и контролирање на работата на здруженијата на инвалиди на трудот на територија на Република Македонија

-Организирање трибини на тема материјална положба на инвалидите на трудот, распоредување на лицата со професионална неспособност за работа на соодветни работни задачи.

**III. Програмски активности на Национално координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност кои што ќе се финансираат**

Национално координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност своите програмски активности планирани за 2014 година за кои што се планирани средства во износ од 1.000.000 денари , ќе ги насочи кон:

-Спроведување и мониторинг на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност во РМ (Ревидирана) 2010-2018, како и на Оперативниот план за истата

-Работните групи во состав на националното тело перманентно ќе ги анализираат постигнатите резултати (работна група за следење и спроведување на Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност во РМ, работна група за здравство, работна група за локална самоуправа, работна група за спорт и рекреација, работна група за следење на Законот за инвалидски организации)

-Залагање за целосно вклучување на претставниците на лицата со инвалидност во процесот на креирање на политиката, измени и дополнувања на одредени закони и правилници кои што ги третираат прашањата од суштинска важност за лицата со инвалидност

-Целосна анализа на домашната легислатива која се однесува на лицата со инвалидност преку обединето делување на владиниот сектор (претставници од надлежните министерствата и институциите) и невладиниот сектор (национални инвалидски организации), со цел усогласување и хармонизација со законодавството на ЕУ и подобрување на правата на лицата со инвалидност

-Воспоставување меѓународна соработка и размена на искуства со државите во регионот

**IV. Програмски активности на здруженија за борба против семејното насилство кои што ќе се финансираат со средства во висина од 1.000.000 денари, согласно Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на Здруженија за вршење на одредени работи од областа на социјална заштита.**

**а)Појдовна основа**

Семејното насилство е глобален феномен кој се појавува во најразлични облици во сите епохи на развојот на човечката цивилизација. Соодветна рамка за превентивно делување и целисходен третман на последиците од семејно насилство може да се најде во меѓународните конвенции и документи: Конвенција за човековите права; Конвенција за правата на детето; Конвенција за укинување на сите облици на дискриминација на жените и др. Во националната регулатива легислатива и стратешки документи и тоа: Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија„ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10,156/10, 39/12 и 44/12); Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија „ бр. 79/09, 36/11,51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13 и 187/13) и Кривичен закон (Службен весник на Република Македонија бр. 37/96, 19/04, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13).

Министерството за труд и социјална политика во соработка со релевантните министерства (Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за правда) и граѓанските здруженија ке ја имплементираат Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 година. Главна стратешка цел на оваа стратегија е намалување на појавата на семејно насилство и подобрување на квалитетот на заштита со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација, заради ефективно и ефикасно делување за справување со семејното насилство со обезбедување на единствен став и пристап.

Со имплементацијата на овој стратешки документи ке се продолжи унапредувањето на веќе воспоставениот и стандардизиран систем за поддршка и заштита на жртвите на семејно насилство, воведување на механизми на локално ниво, развој и спроведување на стандарди за обезбедување на правна помош услуги од страна на граѓанските организации, имплементација на економските програми за жртви на семејно насилство, измени и дополнувања на националната легислатива, едукација на стручните лица, реализирање на кампања за подигнување на јавната свест за заштита од семејно насилство.

Со применатата на ваков интегриран пристап со сите клучни актери од владините институции и граѓанскиот сектор се воспоставува соодветен и сеопфатен систем за превенција и третман за заштита од семејно насилство.

**б) Цел на програмата**

Програмата за заштита од семејно насилство има за цел континуирано да се превземаат активности за функционирање и надоградување на веќе воспоставениот сеопфатен и ефикасен систем за превенција и третман за заштита од семејно насилство во Република Македонија, кои што се насочени кон спречување на појавата на семејно насилство и тоа:

-Промовирање на децентрализирани и стандардизирани услуги со што ќе се овозможи ефикасен и еднаков пристап за жртвите на семејно насилство. Овие услуги да се базира на принципите на почитување на достоинството, приватноста и интегритетот на жртвите на семејно насилство.

-Унапредување на системот на поддршка која ќе се обезбеди теренски и еднаков пристап на услуги и третман за сите жртви на насилство, вклучително и деца како дирекни и индиректтни жртви на семејно насилство независно од нивното место на живеење, етничка или верска припадност. Оваа активност ке има за цел развивање и спроведување на услугите за поддршка на жртвите на семејно, како и рано препознавање на насилство во семејството,

-Едукација на професионални структури.

**в) Финансиска рамка**

Согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри (Службен весник на Република Македонија бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12 и 171/12), средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на здруженија за борба против семејното насилство.

Средствата остварени по сите основи од приредување на игри на среќа и забавни игри кои ќе бидат наменети за финансирање на здруженија за борба против семејното насилство, ќе бидат распределени согласно Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија „ бр. 79/09, 36/11,51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13 и 187/13) и Правилникот за начинот и постапката за доделување на средства на здружение на граѓани за вршење на одредени работи од областа на социјалната заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр.24/05 и 38/07).

**V.Програмски активности на Црвениот крст на Република Македонија кои што ќе се финансираат со средства во износ од 6.000.000 денари, во рамките на програмата за 2014 година ќе ги реализира следните активности:**

-Нормативна рамка за работа на Црвен крст на Република Македонија е круцијален приоритет на националното друштво, а новото уредување на законските одредби ќе придонесе кон зајакнато функционирање и поголема стабилност на организацијата на национално и локално ниво

-Спроведување на стратешките определби на организацијата на национално и локално ниво кои овозможуваат да се креираат програми за подобрување на здравјето на луѓето и унапредување на социјана интеграција на населението во заедниците, како и унапредување на системотт за подготвеност и дејствување при катастрофи

-Примена на политики на Црвен крст на Република Македонија на локално ниво

-Примена на стандардите за брендирање кои ја имаат улогата на пропишани правила за изедначен облик, големина, квалитет, контрола и начин на следење на примената на логото на Црвен крст на Република Македонија

-Заокружување на процесот на сертификација претставува можност од страна на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина да се даде потврда на националното друштво за постигнато високо ниво на компетентност

-Надградба на капацитети на човечки ресурси преку користење на широк опсег на алатки за надградба на капацитетите за да се обезбедат сеопфатни услуги за ранливото население. Работејќи на планот за надградба на капацитетите на човечките ресурси, создавање нови квалитети, поуспешни наставни програми и привлекување на волонтери, Црвениот крст на РМ својата работа ќе ја насочи кон понатамошен развој и усовршување на предвидените содржини и активности. Посебен акцент ќе биде ставен на натамошното усовршување на вработените на Црвениот крст на РМ

-За остварување на социјално – хуманитарните активности на Црвениот крст ќе се развиваатопертивни сојузи со владините институции граѓанскиот сектор, како и бизнис секторот во Македонија

-Организирање на традиционалните социјално – хуманитарни активности со цел намалување на ранливоста на населението

-Воспоставување на пунктови за ефективно прибирање, дистрибуирање и менаџирање на употреблива облека

-Психо – социјална поддршка на ранливите групи на населението во соработка со владините институции, граѓанскиот и корпоративниот сектор

-Борба против трговија со луѓе преку имплементација на превентивни активности (организација на едукативни тренинзи и работилници)

-Превенција од сексуална злоупотреба и педофилија

-Здравствено – превентивна дејност ќе биде насочена кон подобрување на здравствената состојба на најранливите групи односно превенција на ХИВ трансмисија, подобрување на контролата на туберкулозата на локално ниво, зравствената грижа на стари и изнемоштени лица и намалувањето на влијанието на климатските промени врз здравјето на човекот

-Редуцирање на ризиците во секојдневните несреќи преку прва помош односно едукација, зајакнување на постојните материјални и човечки капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги, спроведување на курсеви по прва помош за кандидати за возачи, за работни организации и др.)

-Спроведување на програмата за организирање и унапредување на крводарителството

-Волонтерите како лидери во зајакнување на капацитетите на локалната заедница и општеството (организираат настани, учествуваат во собирање на средства, обезбедуваат техничка поддршка, обезбедуваат ресурси и логистичка поддршка, имплементираат и развиваат програми, промотивни настани и др.)

-Мобилизирање фондови за подобрување на финансиската стабилност и самостојност

-Унапредување на системот на внатрешна и надворешна комуникација на Црвен крст на РМ

-Унапредување и воспоставување на партнерски сојузи

-Проектна работа и иницијативи за унапредување на програмски активности на локално ниво

-Воспоставување на ефикасен систем за мониторинг и евалуација

-Информирање - Црвениот крст на Република Македонија заедно со своите општински организации продолжува да создава нови критериуми, преку голем број на разновидни информации за Црвениот крст наменети за различни категории на посетители. Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст - ИНФО претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво

-Црвениот крст на Република Македонија во рамките на својата издавачка дејност редовно издава промотивни материјали за дисеминирање на своите активности – во текот на 2014 година редовно ќе се публикуваат специјализирани едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија.

Меѓународна соработка - Ефикасното работење наложува обезбедување на меѓународна програмска поддршка за имплементација на активностите на националното друштво. Во изминатите години, Црвениот крст на Република Македонија, како членка на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвена полумесечина гради партнерски односи, обезбедува фондови и разменува искуства со голем број на национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународниот Комитет на Црвен крст и со агенциите на Обединетите Нации, Европската Унија и други меѓународни организации.

**VI. Средства за финансирање на Програмата**

Во Буџетот на Република Македонија за 2014 година, во рамките на разделот 150.01- Министерство за труд и социјална политика, Програма 1, Потпрограма 10-Администрација, на расходна ставка 463-Трансфери до невладини организации, планирани се средства во износ од 60.000.000 денари, наменети за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на Националното координативното тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија, на здруженија за борба против семејното насилство и за Црвениот Крст на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-427/1 | Министер |
| 20 декември 2013 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Диме Спасов,** с.р. |

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**266.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 14, а во врска со член 54 став 1, точка 8, член 63-а, 63-б и 63-в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 и 91/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 24 декември 2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИ КОИ СЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 14/2008, 19/2008, 22/2008, 37/2008, 60/2008, 83/2008, 100/2008, 132/2008, 67/2009, 95/2009, 104/2009, 141/2009, 8/2010, 33/2010, 44/2010, 58/2010, 63/2010, 105/2010, 171/2010, 26/2011, 99/2011, 5/2012, 29/2012, 42/2012, 68/2012, 90/2012, 106/2012, 138/2012, 159/2012, 164/2012, 18/2013, 54/2013, 119/2013 и 172/2013), се вршат следните измени и дополнувања:

Се утврдуваат нови референтни цени за следните лекови

| АТЦ код | Генеричко име-INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина | Заштитено име на лекот | Производител | Пакување | Референтна цена по пакување со 5%ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| A07AX03 | Nifuroxazide | Капсули | 200mg | | | | |
| | | | | ENTEROFURYL капс.16 x 200mg | BOSNALIJEK | 16 | 149,00 |
| | | | | FURAL капс.20 x 200mg | ALKALOID | 20 | 187,00 |
| C01AA08 | Metildigoxin | Таблети | 0,1mg | | | | |
| | | | | PLITOP табл. 50 x 0,1mg | PLIVA | 50 | 110,00 |
| C02CA04 | Doxazosin | Таблети | 4mg | | | | |
| | | | | KAMIREN табл.30 x 4mg | KRKA | 30 | 204,00 |
| H01BA02 | Desmopressin | Назален спреј | 0,1mg/ml | | | | |
| | | | | MINIRIN Назален спреј 0,1mg/ml (5ml) (50 дози)(10mcg/doza) | FERRING | 1 | 1.692,00 |
| H02AB04 | Methylprednisolone | Таблети | 4mg | | | | |
| | | | | NIRYPAN табл. 20 x 4mg | JUGOREMEDIJA | 20 | 79,00 |
| J05AF05 | Lamivudine | Таблети/Филм обложени таблети | 100mg | | | | |
| | | | | ZEFFIX филм.обл.табл. 28 x 100mg | GSK | 28 | 2.672,00 |
| N02AX02 | Tramadol | Капсули/Таблети/Филм обложени таблети | 100mg | | | | |
| | | | | TRAMADOL R табл. 30 x 100mg | KRKA | 30 | 198,00 |
| | | | | TRODON табл. 10 x 100mg | HEMOFARM | 10 | 66,00 |
| N02AX02 | Tramadol | Капсули/Таблети/Филм обложени таблети | 200mg | | | | |
| | | | | TRODON капс. 10 x 200mg | HEMOFARM | 10 | 130,00 |
| N03AF01 | Carbamazepine | Таблети | 200mg | | | | |
| | | | | KARBAPIN табл.50 x 200mg | HEMOFARM | 50 | 107,00 |
| | | | | CARBAMAZEPIN табл.50 x 200mg | REMEDICA | 50 | 107,00 |
| | | | | TEGRETOL табл.50 x 200mg | PLIVA | 50 | 107,00 |
| | | | | EPIAL табл.50 x 200mg | ALKALOID | 50 | 107,00 |
| R03AK06 | Salmeterol, fluticasone | Прашок за инхалирање | 50mcg+100 mcg | | | | |
| | | | | SERETIDE DISKUS прашок за инхалирање 50mcg+100mcg (60 дози) | GSK | 1 | 1.319,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| R03BA05 | Fluticasone | Аеросол | 50mcg/доза | | | | |
| | | | | FLIXOTIDE аеросол 50mcg/доза (120 дози) | GSK | 1 | 380,00 |
| S01BA01 | Dexamethasone | Капки за очи | 1mg/ml | | | | |
| | | | | MAXIDEX капки за очи 1mg/ml (5ml) | ALCON | 1 | 87,00 |
| B01AB06 | Nadroparin | Раствор за инјектирање | 5.700IU | | | | |
| | | | | FRAXIPARINE раствор за инјектирање5.700 IU/0,6ml (0,6ml) | GSK | 10 | 1.560,00 |
| B01AB06 | Nadroparin | Раствор за инјектирање | 7.600IU | | | | |
| | | | | FRAXIPARINE раствор за инјектирање 7.600 IU/0,8ml(0,8ml) | GSK | 10 | 2.278,00 |
| B01AC17 | Tirofiban | Инјекции | 0,25 mg/ml | | | | |
| | | | | AGGRASTAT инјекции 0.25 mg /ml (50ml) | MSD | 1 | 10.132,00 |
| B02BD02 | Koagulacionen faktor VIII | Инјекции | 500U | | | | |
| | | | | IMMUNATE S/D инјекции 500U ( 5 ml) | BAXTER AG | 1 | 10.252,00 |
| | | | | KOATE-DVI инјекции 500U (5ml) | TALECRIS BIOPHARMACEUTICS | 1 | 10.252,00 |
| | | | | BERIATE 500 инјекции 500U (5ml) | CLS BEHRING | 1 | 10.252,00 |
| | | | | EMOCLOT инјекции 500U (10ml) | KEDRION | 1 | 10.252,00 |
| | | | | OCTANATE 500 инјекции 500U (10ml) | OCTAPHARMA PHARMACEUTIKA PMBH | 1 | 10.252,00 |
| | | | | RECOMBINATE 500 IE инјекции 500U (10ml) | BAXTER AG | 1 | 10.252,00 |
| | | | | KOGENATE Bayer 500IU инјекции 500U (2,5ml) | BAYER | 1 | 10.252,00 |
| B02BD02 | Koagulacionen faktor VIII | Инјекции | 1000U | | | | |
| | | | | KOATE-DVI инјекции 1.000U (10ml) | TALECRIS BIOPHARMACEUTICS | 1 | 20.055,00 |
| | | | | OCTANATE 1000 инјекции 1.000U (10ml) | OCTAPHARMA PHARMACEUTIKA PMBH | 1 | 20.055,00 |
| | | | | RECOMBINATE 1000 IE инјекции 1.000U (10ml) | BAXTER AG | 1 | 20.055,00 |
| | | | | KOGENATE Bayer 1000IU инјекции 1.000U (2,5ml) | BAYER | 1 | 20.055,00 |
| B03XA01 | Erythropoietin | Инјекции | 1.000IU | | | | |
| | | | | EPREX инјекции1000 IU/0,5ml (0,5ml) | JANSSEN CILAG | 6 | 1.667,00 |
| B03XA01 | Erythropoietin | Инјекции | 3.000IU | | | | |
| | | | | EPREX инјекции 3000 IU/0,3ml | JANSSEN CILAG | 6 | 4.932,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| B05BA01 | Aminokiselini | Раствор за инјектирање (инфузија) | 15%/500ml | | | | |
| | | | | AMINOSOL 15% раствор за инјектирање (инфузија) 15% (500ml) | HEMOFARM | 1 | 313,00 |
| C08CA06 | Nimodipine | Инјекции | 10mg/50ml | | | | |
| | | | | NIMOTOP S инјекции 10mg/50ml | BAYER | 1 | 559,00 |
| H01CB02 | Octreotide | Инјекции | 0,5mg/ml | | | | |
| | | | | SANDOSTATIN инјекции 0,5mg/ml | NOVARTIS | 5 | 8.680,00 |
| H04AA01 | Glucagon | Лио шишенца | 1mg | | | | |
| | | | | GLUCAGEN HYPO KIT Лио шишенца 1mg (1ml) | NOVO NORDISK | 1 | 881,00 |
| J01CR01 | Ampicillin + sulbactam | Инјекции | (1000+500) mg | | | | |
| | | | | AMPISID инјекции (1000+500)mg (3,5ml) | Mustafa Nevzat Ilac. Sanayii A.S. | 1 | 74,00 |
| J01DD04 | Ceftriaxone | Инјекции | 1g | | | | |
| | | | | NEVAKSON инјекции 1g (3,5ml)(I.M) | MUSTAFA NEVZAT ILAC | 1 | 43,00 |
| | | | | NEVAKSON инјекции 1g (10ml)(I.V) | MUSTAFA NEVZAT ILAC | 1 | 43,00 |
| | | | | BIOTRAKSON инјекции 1g | PHARMACEUTICALS WORKS POLPHARMA | 1 | 43,00 |
| | | | | PANTOXON инјекции 1g/3,5ml | MITIM | 1 | 43,00 |
| | | | | TERCEF инјекции 1g | BALKANPHARMA | 5 | 214,00 |
| | | | | LENDACIN инјекции 1g | LEK | 10 | 428,00 |
| | | | | LONGACEPH инјекции 1g | GALENIKA | 10 | 428,00 |
| | | | | NEVAKSON инјекции 1g | MUSTAFA NEVZAT ILAC | 20 | 856,00 |
| | | | | CEFTRIAXONE PANPHARMA инјекции 1g | PANPHARMA | 25 | 1.070,00 |
| | | | | AZARAN инјекции 1g | HEMOFARM | 50 | 2.140,00 |
| J01GB01 | Tobramycin | Раствор за инхалирање | 75mg | | | | |
| | | | | BRAMITOB раствор за инхалирање 75mg/ml ( 300mg/4ml) | CHIESI PHARMACEUTICI | 56 | 123.558,00 |
| J01GB06 | Amikacin | Инјекции | 100mg | | | | |
| | | | | AMIKACIN инјекции 100mg (2ml) | GALENIKA | 10 | 338,00 |
| J01XB01 | Colistin | Инјекции | 1.000.000 IU | | | | |
| | | | | COLOMYCIN инјекции 1.000.000 IU | PENN PHARMACEUITCALS Services limited | 1 | 372,00 |
| L01BC05 | Gemcitabine | Концентрат за раствор за инфузија | 500mg | | | | |
| | | | | GEMCITABIN концентрат за раствор за инфузија 500mg (50ml) | EBEWE | 1 | 1.710,00 |
| L01CA02 | Vincristine | Инјекции | 1mg/10ml | | | | |
| | | | | SINDOVIN инјекции 1mg/10ml | S.C.SINDAN PHARMA SRL | 1 | 232,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| L01CD02 | Docetaxel | Инјекции | 140mg | | | | |
| | | | | DOCETAXEL ACTAVIS инјекции 140mg/7ml | S.C SINDAN PHARMA S.R.L | 1 | 11.650,00 |
| L01DB06 | Idarubicin | Инјекции | 5mg | | | | |
| | | | | ZAVEDOS инјекции 5mg | ACTAVIS Italy S.p.A. | 1 | 3.271,00 |
| | | | | IDAMEN инјекции 5mg | MUSRAFA NEVZAT | 1 | 3.271,00 |
| L01DB06 | Idarubicin | Инјекции | 10 mg | | | | |
| | | | | ZAVEDOS инјекции 10mg | ACTAVIS Italy S.p.A. | 1 | 4.346,00 |
| | | | | IDAMEN инјекции 10mg | MUSRAFA NEVZAT | 1 | 4.346,00 |
| L01DB06 | Idarubicin | Инјекции | 20 mg | | | | |
| | | | | IDAMEN инјекции 20mg (20ml) | MUSRAFA NEVZAT | 1 | 6.302,00 |
| L02BB03 | Bicalutamide | Филм обложени таблети | 150mg | | | | |
| | | | | CASODEX филм обл. табл. 28x150mg | ASTRAZENECA | 28 | 4.679,00 |
| | | | | BICUSAN филм обл. табл. 28x150mg | SYNTON | 28 | 4.679,00 |
| | | | | BICUSAN филм обл. табл. 30x150mg | SYNTON | 30 | 5.013,00 |
| N07AA02 | Pyridostigmine | Таблети | 60mg | | | | |
| | | | | MESTINON табл.20x60mg | ICN Polfa Rzesow S.A. | 20 | 310,00 |
| | | | | MESTINON табл.150x60mg | ICN Polfa Rzesow S.A. | 150 | 2.325,00 |
| R07AA02 | Surfaktant, prirodni fosfolipidi | Инјекции | 25mg/1ml | | | | |
| | | | | SURVANTA инјекции 25mg/1ml (8ml) | ABBOT | 1 | 17.513,00 |
| V03AC02 | Deferiprone | Таблети | 500mg | | | | |
| | | | | FERRIPROX табл.100 x 500mg | Chiesi FARMACEUTICI SPA | 100 | 10.602,00 |

Кај АТС кодот J01FA10 – Azithromycin филм обложени таблети 500mg се додава следното заштитено име:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | AZIBIOT филм обл.табл 3x500mg | KRKA | 3 | 167,00 |

Кај АТС кодот L01CD02 – Docetaxel инјекции 20mg се додава следното заштитено име:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | DOCETAXEL CELL PHARM инјекции 20mg/ml (1ml) | CELL PHARM GmbH | 1 | 1712,00 |

Кај АТС кодот N03AF01 - Carbamazepine таблети 200 mg се брише следното заштитено име:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | GALEPSIN (CARBAMAZEPIN) табл.50 x 200mg | GALENIKA | 50 | 107,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-19827/1
26 декември 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ангел Митевски,** с.р.

**267.**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 и 91/2013) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 81/2010 и 181/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 декември 2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА ЗА КОИ ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА МОЖАТ ДА ОСТВАРАТ ПРАВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во член 2 од Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2004, 76/2004, 56/2006, 61/2006, 1/2007, 62/2007, 115/2007, 132/2007, 14/2008, 132/2008, 88/2009, 131/2009, 16/2010, 66/2011, 99/2011, 5/2012 и 151/2013), се вршат следниве измени:

| Реден број | Назив на помагало, материјал, резервни делови, потрошен материјал | Единечна цена со сите давачки |
|---|---|---|
| | **ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА** | |
| | **ПРОТЕЗИ ЗА НОЗЕ** | |
| | **НАДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ** | |
| 3 | Надколена комбинирана протеза за дезартикулација на колк со кожно лежиште | 70.750 |
| 4 | Надколена комбинирана протеза за дезартикулација на колено | 43.582 |
| 11 | Надколено имедијантно лежиште за протеза | 32.262 |
| | **ПОДКОЛЕНИ ПРОТЕЗИ** | |
| 14 | Пластична подколена протеза | 32.262 |
| 16 | Подколена скелетна протеза со пластично лежиште | 32.262 |
| 18 | Подколено имедијантно лежиште за протеза | 27.734 |
| | **ЗГЛОБНИ МЕХАНИЗМИ** | |
| 22 | Геријатриски коленски зглоб | 13.712 |
| | **СУСПЕНЗИИ И КОЗМЕТИКА** | |
| 36 | Вакуум суспензија | 2.604 |
| 37 | Кожна суспензија | 2.604 |
| | **ПРОТЕЗИ ЗА РАЦЕ** | |
| 42 | Надлакатна естетска пластична протеза | 23.772 |
| 46/а | Подлакатна миоелектрична протеза | 294.320 |
| 46/б | Надлакатна миоелектрична протеза | 324.658 |
| | **ШАКИ** | |
| 53 | Механичка функционална шака | 17.664 |
| 54 | Естетска ракавица | 2.830 |
| | **ОРТОПЕДСКИ СРЕДСТВА-ОРТОЗИ** | |
| 68 | Подколен пластичен апарат со ограничување на плантарна флексија (перенеус) | 3.012 |
| | **ОРТОЗИ НА ГОРНИ ЕКСТРЕМИТЕТИ** | |
| 76 | Радиалис апарат | 4.243 |
| | **ОРТОЗИ ЗА РБЕТЕН СТОЛБ** | |
| 85 | Корсет за кифоза или сколиоза пластичен тип ТЛСО | 9.056 |
| | **ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ** | |
| 104 | Универзална инвалидска количка со подвижен наслон и папучи кои се подесуваат - стандард | 14.150 |
| 105 | Инвалидска собна количка -стандард | 11.031 |
| 107 | Тоалетна инвалидска количка -стандард | 5.660 |
| | **ДОДАТОЦИ ЗА ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ** | |
| 124/а | Антидекубитус перниче полнето со воздух или гел | 14.150 |
| 124 | Перниче со полиуретан со мемориска пена обложено со текстил | 3.225 |
| | **ПОМОШНИ ПОМАГАЛА (БАНДАЖЕРСКИ СРЕДСТВА)** | |
| | **Патерици** | |
| 145 | Дрвена патерица подпазувна со подесување на висината | 340 |
| 146 | Метална патерица подлактна со подесување на висината | 283 |

| | | |
|---|---|---|
| | ОСТАНАТИ ПОМАГАЛА И САНИТАРНИ СРАВИ | |
| 186 | Ендотахеална канила - метална | 1.412 |
| 188 | Постојан катетер | 255 |
| 189 | Нелатон катетер | 17 |
| 190 | Распрскувач инхалатор | 2.151 |
| 192 | Анатомски обликувани влошки за тешка и мешана инконтиненција со впивлива моќ од минимум 2300 мл | 18 |
| 195/а | Високоперформантни анатомски пелени за инконтиненција (уринарна и фецесна), за лица над 40кг | 22,64 |
| | ОЧНИ ПОМАГАЛА | |
| | ОЧИЛА | |
| 166 | Очила со монофокални стакла | |
| 166/1 | до 2 Д | 170 |
| 166/2 | од 2 до 4 Д | 170 |
| 166/3 | од 4 до 6 Д | 170 |
| 166/4 | од 6 до 8 Д | 198 |
| 166/5 | од 8 до 10 Д | 198 |
| 166/6 | од 10 до 13 Д | 198 |
| 166/7 | од 13 до 16 Д | 198 |
| 166/10 | Торус 2/2 | 226 |
| 166/11 | Торус 4/2 | 226 |
| 166/12 | Торус 6/2 | 226 |
| 166/13 | Торус 8/2 | 238 |
| 166/14 | Торус 10/2 | 238 |
| 166/15 | Торус 13/2 | 238 |
| 166/16 | Торус 16/2 | 238 |
| 166/18 | Торус 2/4 | 238 |
| 166/19 | Торус 4/4 | 238 |
| 166/20 | Торус 6/4 | 238 |
| 166/21 | Торус 8/4 | 238 |
| 166/22 | Торус 10/4 | 238 |
| 166/23 | Торус 13/4 | 238 |
| 166/24 | Торус 16/4 | 238 |
| | КОНТАКТНИ ЛЕЌИ | |
| 171 | Контактни леќи - тврди | |
| 171/1 | од 0,00 до 6,00 | 623 |
| 171/2 | од 6,12 до 12,00 | 623 |
| 171/3 | од 12,25 до 20,00 | 623 |
| 171/4 | преку 20,00 | 623 |
| 172 | Контактни леќи - полутврди силиконски | |
| 172/1 | од 0,00 до 6,00 | 623 |
| 172/2 | од 6,12 до 12,00 | 623 |
| 172/3 | од 12,25 до 20,00 | 623 |
| 172/4 | преку 20,00 | 623 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ОЧНИ ПРИЗМИ** | |
| | Очни призми | |
| 175 | Очни призми со монофокални стакла | |
| 175/4 | од 6 до 8 Д | 350 |
| 175/5 | од 8 до 10 Д | 350 |
| 175/6 | од 10 до 13 Д | 350 |
| 175/7 | од 13 до 16 Д | 350 |
| 175/10 | Торус 2/2 | 400 |
| 175/11 | Торус 4/2 | 400 |
| 175/12 | Торус 6/2 | 400 |
| 175/13 | Торус 8/2 | 420 |
| 175/14 | Торус 10/2 | 420 |
| 175/15 | Торус 13/2 | 420 |
| 175/16 | Торус 16/2 | 420 |
| 175/18 | Торус 2/4 | 420 |
| 175/19 | Торус 4/4 | 420 |
| 175/20 | Торус 6/4 | 420 |
| 175/21 | Торус 8/4 | 420 |
| 175/22 | Торус 10/4 | 420 |
| 175/23 | Торус 13/4 | 420 |
| 175/24 | Торус 16/4 | 420 |
| | **ОЧНИ ПРОТЕЗИ** | |
| 178/1 | Очна протеза-привремена | 2.830 |
| | **СЛУШНИ ПОМАГАЛА** | |
| | Задушен слушен апарат | |
| 182/4 | Задушен слушен апарат со најмалку четири канали | 16.980 |
| 182/5 | Задушен слушен апарат со најмалку два канали | 14.150 |
| | **ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБОПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА** | |
| 196 | Оптуратори | 3.120 |
| | **ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА** | |
| | **СУПЛЕМЕНТИ ЗА ДИГЕСТИВНИ И МЕТАБОЛНИ ЗАБОЛУВАЊА** | |
| | | |
| 197 | безглутенско брашно | 204 |

Член 2

